УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# ПРИМЕНА НА ИНТЕРНЕТОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

- Магистерски труд -


Ментор:

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ

Кандидат:

Наташа Николовска


Скопје, 2014 година

***... овој труд е посветен на моите***

***родители и мојата сестра ...***

**Ментор:**

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ — Редовен професор, Филозофски факултет – Скопје

**Членови на комисија:**

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ — Редовен професор, Филозофски факултет – Скопје

Проф. д-р Вера Стојановска — Редовен професор, Филозофски факултет – Скопје

Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска — Редовен професор, Филозофски факултет – Скопје

**ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ - ПЕДАГОГИЈА**

## СОДРЖИНА:


СОДРЖИНА........................................................................................................ 3

ВОВЕД.............................................................................................................. 4

I. ДЕЛ - ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ....................................... 7

1. РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО.......................................................... 7
2. ВИЗИЈА .................................................................................................. 10
3. ПРЕПОРАКИ .............................................................................................. 13

3.1. Нови модели на наставата и учењето со користење на ИКТ ............................ 13

3.2. Наставни планови и програми ................................................................ 16

3.3. Наставна програма за деветгодишно основно образование по запознавање на околината ................................................................................................ 17

3.4. Учебници ............................................................................................ 23

3.5. Наставен кадар ..................................................................................... 34

3.6. Интернет технологијата како подршка на образовниот процес ...................... 38

3.7. Компјутерот во наставата ....................................................................... 40

3.8. Основни одлики на компјутерот ............................................................... 42

3.9. Прв образовен циклус во основното образование ........................................ 44

3.10. Дефинирање и предмет на проучување на методиката на наставата по запознавање на околината ........................................................................ 46

3.11. Развој на наставата и наставниот предмет по запознавање на околината ... 47

3.12. Задачи на методиката на наставата по запознавање на околината ............. 52

3.13. Значењето и задачите на наставата по запознавање на околината ............. 55

3.14. Планирање на наставата по запознавање на околината ............................... 58

II. ДЕЛ - МЕТОДОЛИГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 60

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 60
2. ЦЕЛИ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 60
3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 60
4. ХИПОТЕЗИ .................................................. 62
5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 63
6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 63
7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК .................................................. 64
8. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ .................................................. 66
9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................. 67

III. ДЕЛ - АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ .................................................. 68

1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови за наставниците.69
2. Главна хипотеза .................................................. 94

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ .................................................. 101

ПРИЛОЗИ .................................................. 105

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА .................................................. 111

ВОВЕД

Интернетот во последниве години е многу развиен, бидејќи денес секој може да си дозволи пристап до него. Интернетот како технологија отвара многу врати доколку правилно се користи. Сите информации кои ни се потребни можеме да ги добиеме за краток период, во секое време и од секое место. Интернетот и компјутерската технологија им дозволуваат на луѓето насекаде во светот да имаат пристап до информации и знаења. Индивидуите, организациите и заедниците треба да добијат бенефит од знаењето и информациите.

Денес, развиената политика води грижа за развојот и промоцијата на јавните информации во земјата како важен интернационален инструмент промовирајќи јавен пристап до информации. Се повеќе се поттикнува свесноста за потребата на информатичкото општество како и нивото користење на интернетот и компјутерската технологија, вклучувајќи ги иновативните форми на вмрежување, како и новите алатки и апликации кои ќе помагаат во пристапот и користењето на интернетот и компјутерската технологија до сите посебни групи на луѓе.

Користењето на интернет во образованието и воспитанието до пред неколку години воопшто не се применуваше, но во последниве неколку години тоа е променето во позитивен поглед, бидејќи пристапот до интернет е овозможен и во своите домови, а и во самите училишта. Со поставување на компјутерите и приклучување на интернет во училиштата, се отвараат вратите на наставниците за нивна подобра подготовка за часовите по запознавање на околината. За да може наставникот да пребарува дополнителни информации од интернет треба добро да знае да работи со компјутерот, а истовремено и со интернетот. Во нашата република многу подоцна е развиена оваа технологија па затоа на наставниците им е потешко да стигнат до одредени информации. За да можат сите рамноправно да го користат интернетот и компјутерите воведени се бесплатни курсеви за обука на наставниците.

Конкретната употреба на ИКТ во наставата укажува на процес на интензификација и омасовување на употребата се додека под употреба се подразбира опременост со ИКТ и нивна фукционалност во училиштата. Учениците во средните училишта ги користат ИКТ во училниците, додека во основните училишта во компјутерските лабаратории. Пристапот до компјутер подразбира и пристап до интернет со што се потврдува постоење на интернет поврзаност во училиштата. Фрекфенцијата на користење на ИКТ во училиштата е помала од личната употреба на ИКТ во домаќинствата и се задржува на седмично ниво. Употребата на ИКТ во склоп на наставата го поддржува традиционалниот модел на настава иако се забележуваат и други видови на настава од кои најчеста е проектната настава. Различни предмети бележат различна употреба на ИКТ, со што најголемата употреба на ИКТ сеуште се лоцира во склоп на наставата по информатика. Употребата во склоп на другите наставни предмети сеуште е самоиницијативно и зависи од наставникот. Во склоп на наставата и реализацијата на наставните задачи интернетот најчесто се користи за да се добијат одредени информации за наставниот материјал и голем дел од тие информации се земаат без притоа да се проверат, преработат и авторизираат. Интернетот во многу мал процент се користи за размена на мислења, дискусија или друга иновативна употреба ( блогови, форуми, и др. ).

Значењето на ова истражување ќе биде од голем бенефит бидејќи ќе дознаеме дали и колку наставниците покрај од учебниците кои ги имаат по запознавање на околината, бараат и дополнителни информации од интернет за подготовка за наставата. Ќе дознаеме колкава е креативноста на наставникот и колку тој се залага за успешно реализирање на часовите по запознавање на околината. Доколку секој наставник се ангажира и вложи повеќе труд пребарувајки дополнителни информации на интернет со кои ќе ги заинтересира и самите ученици, часовите ќе бидат поуспешни. Со спроведувањето на ова истражување ќе се добијат првични информации со кои ќе знаеме дали треба да се вложат дополнителни обуки за наставниците и колку тие се оспособени за работа со компјутер и интернет.

I ДЕЛ - ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

Приоритетна задача на владите на сите земји во светот е развојот на информатичкото опшество. Целта на сите земји е иста, но патиштата по кои ќе се развива информатичкото опшество се различни. Визиите се слични, но мисиите различни. Една од главните причини е фактот што различни земји се наоѓаат на различно ниво на развој на информатичкото опшество, било од аспект на техничката опременост или од образовната структура на наставниот кадар.

Како иден чекор е да се создадат услови за развој на информациско општество. Информациско-комуникациска технологија мора да навлезе во сите сфери на општественото живеење. Оваа технологија ќе овозможи развивање на технолошкиот и интелектуалниот развој.

Образованието е еден од клучните сегменти кој го поттикнува и го поддржува развојот на информатичкото опшество. Како прво, образованието треба да биде лидер во промоцијата на информатичкото опшество и создавањето на стручни и компетентни кадри кои ќе одговорат на предизвиците на информатичкото опшество и потребите на економијата базирана на знаења. Второ, квалитетот на наставнообразовниот процес директно зависи од примената на информатичко - комуникациските технологии во него.

Во Р.М. направена е Националната стратегија за развој на информатичкото опшество, во делот за е-образование, во 2005 година се определени насоките за развој и целите на образованието во функција на подршка на информатичкото опшество. Реализацијата на предвидените цели во формалното и неформалното образование директно е условена од тоа каква е инфраструктурната опременост на образовните институции. Во тек на

проектите несомнено ќе се подобри опременоста, било од аспект на потребниот хардвер и софтвер или од аспект на конектирањето со интернет.

Но, треба да се има на ум дека доколку се инвестира само во опремата, тоа нема да даде никакви резултати. Затоа, техничкото опремување на образовните институции мора да биде проследено со активности од типот на едукацијата на наставниот кадар во постојните образовни институции, нова организација, како и ново менаџирање на образовните процеси. Основната цел е да се зголеми користењето на опремата од различните категории на потенцијални учесници: наставници, ученици, студенти, граѓани.

За реализарање на целите на е-образованието, како главен услов се зема соодветната едукација на наставниот кадар. Овој процес треба да ги опфати наставниците кои предаваат за технологиите, како и наставниците кои ги применуваат информатичките технологии во наставниот процес. Овој процес треба да биде таков што ќе одговара на техничката опременост на образовните установи. За подобар квалитет и организација треба да се дефинираат соодветните стандарди, домашни или европски, во однос на различните профили на наставниците. Овие мерки се посебно значајни во основното и во средното образование.

Воведувањето на ИКТ образованието во основното и во средното образование се смета основен и логичен чекор. Треба да се посвети посебно внимание на наставните содржни за различни целни групи. Посебен акцент треба да се даде на примената на ИКТ во стручните училишта, со цел тие да се прифатат како помагало за извршување на работните задачи, а не како цел само за себе.

Дел од едукацијата може да се направи со користење на следниве методи: учење од далечина, постоење на отворени веб базирани курсеви на македонски јазик, албански и слично.

*"Министревсвото за образование и наука ќе настојува да го засили воведувањето на новата информатичка технологија во образовниот систем за да обезбеди: функционално оспособување, т.е. компјутерско описменување на младите за*

*заедницата засинена со новата информатичка технологија, унапредување на образованието, а посебно на системите за специјални групи посетители, зголемување на ефикасноста на образовниот систем и изградување на политичка свест на граѓаните."*[1]

Според ова Министерството за образование и наука ќе ја засили информатичката технологија во образовниот систем, а со тоа ќе обезбеди поголемо компјутерско описменување на младите, унапредување на образованието, зголемување на ефикасноста на образовниот систем и изградување на политичка свест на граѓаните.

Ќе се превземат мерки за задоволително опремување на образовните установи со современа информациска технологија и нејзино поврзување со информациските системи, со цел да се засили пристапот до современите меѓународни и национални информациски системи и базите на податоци. Следно е создавање на сеопфатна и транспарентна база на податоци за образованието во Република Македонија.

---

[1] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 41

## 2. ВИЗИЈА

Република Македонија се придвижува кон современата економија базирана на знаење со помош на одржлив развој на информатичкото општество. "За остварување на визијата потребно е реализирање на множество од приоритетни цели и тоа:

- Целокупниот наставен кадар до 2010 година да е дигитално описменет.
- Целокупниот наставен кадар до 2015 година да користи ИКТ во наставниот процес.
- Секој ученик од IV одделение да започне со дигитално описменување до крајот на 2007.
- Сите училишта да се обезбедат со одржлив пристап до брза интернет конекција.
- Сите училишта да бидат поврзани со локални интернет мрежи до крајот на 2010 година.
- Да се достигне принцип од 5-15 училишта по мултимедијален компјутер до 2015 година.
- Да се осигура пристапноста на сервиси за поддршка и едукативни мултимедијални ресурси на интернет до крајот на 2015 година."[2]

Од сето ова може да заклучиме дека постојат одредени приоритетни цели за остварување и реализирање на мисијата. Тие цели се однесуваат на наставниот кадар и тоа: негово дигитално описменување, користење на ИКТ во наставниот процес и дигитално описменување на учениците исто така. Сите училишта треба да обезбедат одржлив пристап до брза интернет конекција, да бидат поврзани со локални интернет мрежи, да достигнат принцип од 5-15 училишта по мултимедијален компјутер и да осигураат пристапност на сервиси за поддршка и едукативни мултимедијални ресурси на интернет, и сето тоа од 2007 до 2015 година, соодветно за секоја цел.

---

[2] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 6

Со цел да се забрза чекорот на тренинг на сите нивоа, особено на промовирање на универзалната дигитална елоквентност и генерална достапност на соодветен тренинг за наставниците и тренерите, иницијатвата за  примена на ИКТ во образованието вклучува технолошки тренинг, како и курсеви за едукативна употреба на технологијата и менаџментот на промена.

"Училиштата, универзитетите и тренинг центрите мора да се залагаат да станат локални центри за стекнување знаење кои се сестрани и достапни за сите. Политиката во ова поле ќе ја земе предвид Европската стратегија за вработување и националните стратегии за доживотно учење.




- На сите ученици кои го напуштиле училиштето да им се овозможи да станат дигитално писмени.
- На сите наставници да им се обезбеди соодветен тренинг, да се усвои соодветна програма за тренинг на наставниците и да се претстават мерки за охрабрување на наставниците да имаат вистинска корист од дигиталната технологија на нивните часови.
- На секој невработен да му се понуди можноста да биде дигитално едуциран преку доживотен систем на учење."[3]

Европската стратегија за вработување и националните стратегии за доживотно учење ќе се земе во предвит од страна на политиката на училиштата, универзитетите и тренинг центрите. Според ова на сите ученици кои го напуштиле училиштето треба да им се овозможи да станат дигитално писмени, на сите наставници да им се обезбеди соодветен тренинг и на секој невработен да му се понуди можноста да биде дигитално едуциран преку доживотен систем на учење.

[3] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 6

На пазарот и на јавната сфера, иницијативата за е-учење става нагласок на креирање на соодветни услови за развој на содржината, услугите и околината за учење кои се многу развиени и релевантни за едукацијата кај нив. Од особена важност е достигнувањето на стандарди, како и воспоставувањето на услови за извршување на промени и адаптација на начините на кои едукацијата и тренинг системите ќе бидат организирани.

Целта на иницијативата за е-учењето е да се зајакне соработката и дијалогот и да се подобрат врските меѓу мерките и иницијативите на сите нивоа и тоа на локално, регионално, национално и европско ниво и меѓу сите ученици во процесот како на пример сите универзитети, училишта, тренинг центри, оние кои носат одлуки и администратори одговорни за избор на опремата, софтверот, содржината или услугите.

Меѓу јавниот и приватниот сектор ќе продолжи да се воспоставува партнерство со цел да се охрабрат размените на искуства, трансферот на технологија и подобрувањето на начинот на кој потребите за бизнис квалитетите треба да се спојат со мерките советувани од Европската стратегија за вработување.

# 3. ПРЕПОРАКИ

## 3.1. Нови модели на наставата и учењето со користење на ИКТ

Секој граѓанин денес ги користи услугите на компјутерите и комуникациската технологија, без разлика на структурата и професијата. Интернетот е алатка за добивање на информации на секој географ, хемичар, историчар, бизнисмен, ученик, министер, работник итн.

Учениците треба да стекнат солидна информатичка писменост и култура во модерното образование. Меѓутоа најголемиот број на информации и вештини младата популација најчесто ги добива и стекнува на курсеви или по пат на самоучење на нивните домашни компјутери и тоа без контрола на лица со стручна, методска и педагошко-психолошка подготвеност. Прво и главно место на кое учениците треба да стекнуваат основни знаења од областа на информатиката се основното и средното образование и затоа наставните планови и програми треба да го следат трендот на информатичките знаења. Младите се повеќе претпочитаат воншколски курсеви на сметка на редовната настава поради добрата опрема и изведувањето на ефективна настава со мали групи, чиј број не го надминува бројот на компјутерите во училницата.

Затоа треба да се воведат нови модели на настава и учење со користење на ИКТ уште од раните школски години.

"Можностите на информатичко-комуникациската технологија, како што се:

- Компјутерите
- Компјутерската опрема: печатачи, скенери, камера, цртачи, мемориски уреди
- Видеопроекторите
- Локалните и интернет компјутерските мрежи
- Интернет и сите негови можности: разгледување, барање, преземање, комуникација
- Образовен софтвер по сите предмети
- Виртуелни училници итн.,

како нови модели на учење треба интензивно да се користат во образовните цели.

Конкретните мерки кои треба да се преземат за модернизација на образовниот процес ќе бидат, всушност, решение на претходно воочените проблеми во образованиот процес:

1. Опремување на сите основни и средни училишта со една, а по можност со две компјутерски лаборатории и придружна комуникациска опрема, во која задолжително треба да има барем еден видеопроектор.

2. Поврзување и одржување на сите училишта со интернет врска.

3. Формирање образовна мрежа со поврзување на сите училишта меѓусебно и со Министерството за образование и наука.
   Варијанта: Формирање сервисна служба

   Варијанта: Ангажирање фирми за одржување на компјутерската и комуникациската опрема во училиштата.

4. Формирање на паралелки со големина до 16 ученици за наставата по информатичките предмети.

5. Воведување задолжителни информатички предмети во наставните планови за основното и за средното образование.
6. Ослободување на професорите по информатика од другите активности во училиштата кои се поврзани со нивните информатички вештини: помош на колеги, на администрацијата, одржување на компјутерските училници и др.

7. Перманентно дообразување/усовршување на наставниците по информатиката, преку чести курсеви и семинари организирани од соодветните наставни факултети.

8. Формирање центар за помош и обука на наставниците на сите факултети кои образуваат наставници, во кој би се подготвувале и презентирале новите достигнувања во информатиката и наставата по информатиката.

9. Задалжително користење на кабинетите по информатика за изведување на настава по другите наставни предмети.

10. Користење на кабинетите по информатика за други воспитно-образовни активности (подготовка на домашни задачи, за натпревари, за дополнителна настава со послаби ученици, слободни ученички активности).

11. Оценување на професорите и доделување на соодветните задачи.

12. Задолжителна изработка на веб-страница за секое училиште со сите податоци за училиштето и образовните профили.

13. Најитно започнува со изготвување или набавка на образовен софтвер на мајчин јазик по сите предмети во основното и во средното образование.

14. Изготвување на нови наставни програми за информатичките предмети во основното и во средното образование."[4]

Од сето ова може да се заклучи дека конкретните мерки кои треба да се превземат за модернизација на образовниот процес како што се: опремување на сите основни и средни училишта со најмалку една компјутерска лабораторија, поврзување и одржување на сите училишта со интернет врска, формирање образовна мрежа, формирање на паралелки со големина до 16 ученици за наставата по ИКТ, воведување задолжителни информатички предмети во наставата, професорите по информатика да им помагаат на своите колеги, на администрацијата и во одржување на компјутерските училници итн,

---

[4] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 14-15

како и дообразување/усовршување на наставниците по информатиката, формирање центар за помош и обука на наставниците, користење на кабинетите по информатика и по другите наставни предмети, оценување на професорите и доделување на соодветните задачи, задолжителна изработка на веб-страница за секое училиште, изготвување на образовен софтвер по сите предмети и нови наставни програми за ИКТ во основното и средното образование; треба да претставуваат решение за подобрување на образовниот процес.

### 3.2. Наставни планови и програми

Информатиката, како наставен предмет во основното образование, е воведен како факултативен во 1996 година во VI и VIII одделение. Овој предмет во тој период започнува со изведување во мал број основни училишта кои располагале со компјутерски лаборатории, или со по неколку компјутери и со наставници по информатика. Од тука следува дека тогашната наставна програма по информатика се реализирала во околу 10 % од основните училишта.

"Предметот информатика од 2002 година се применува со нов наставен план и истиот се изведува факултативно во VI одделение, а изборно во VII и VIII одделение. За првата наставна програма по предметот информатика за основно образование, која се реализирала од 1996 до 2002 година, со 1 час факултативна настава, имало и учебници за VII и VIII одд. За втората наставна програма од 2002 година до денес, одобрени се два учебници за VI и VII одд. и три учебници за VIII одд."[5]

Од сето ова можеме да заклучиме дека наставната програма во однос на учебниците од 1996 година до денес има доста напреднато. Во периодот од 1996 до 2002 година изготвени се само учебници за VII и VIII одд, но наставната програма од тогаш па се до денес се надградила и тоа со два учебници за VI и VII и три учебници за VIII одделение.

---

[5] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015*, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 10

### 3.3 Наставана програма за деветгодишно основно образование по запознавање на околината

Според наставана програма за деветгодишно основно образование по запознавање на околината постојат одредени цели кои што треба да ги постигнат учениците во развојниот период од I до III одделение. "Целта на наставата по овој предмет претставува понатамошно систематско насочување на детското спонтано истражување на светот кон постепено откривање на поврзаноста и зависноста на појавите и процесите во природната и општествената средина.

**Цели за развојниот период од I до III одделение**

Ученикот/ученичката:

- да ја запознае околината како природна и општествена средина;
- да го осознава своето опкружување (дом, одделение, училиште, крај, Република Македонија);
- да развива свест за сопствената улога и обврски, како за улогата и одговорностите на другите луѓе во непосредното опкружување;
- да развива позитивна слика за себе, самодоверба, самопочит;
- да развива свест за почитување на правилата за општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки;
- да се оспособува за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење;
- да се поттикнува за спознавање на живата и неживата природа, идентификување на нивната различност, поврзаност и променливост;
- да развива хуман однос кон живите суштества и природата како целина;
- да развива способност за ориентирање во просторот и времето;
- да стекнува сознанија за минатото и сегашноста;
- да се поттикнува да стекнува елементарна сообраќајна култура;
- да се оспособува да се грижи за сопственото здравје и животна околина;

- да се поттикнува на хуманите односи меѓу половите, меѓусебна комуникација и мултикултурно разбирање;
- да се поттикнува за развојот на морални и патриотски чувства и развивање почит кон различни култури;
- да се поттикнуваат на љубопитност за светот што го опкружува;
- да се поттикнува да проучува материјали и да се воведува во организирана истражувачка работа;
- да се оспособува за користење на информатичката технологија во збогатување на искуствата и сознанијата."[6]

Преку запознавање на околината како природна и општествена средина како и осознавањето на својот дом, одделение, училиште и крајот каде што живее, ученикот развива свест за сопствената улога и обврски како и позитивна слика за себе, самодоверба, самопочит. Ученикот мора да се оспособи самостално да набљудува, опишува, истражува и логички да размислува, да ја разликува живата и неживата природа и да ја идентификува нивната различност. Тој исто така треба да стекне елементарна сообраќајна култура, како и со текот на времето да се оспособи сам да се грижи за сопственото здравје и животната околина и да се оспособи да ја користи информатичката технологија за збогатување на искуствата и сознанијата.

"**Цели** на наставата во I одделение каде што ученикот/ученичката треба:

- да ја запознава непосредната околина;
- да ја открива поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
-

[6] *Наставна програма по запознавање на околината за I одделение во деветгодишното основно образование*, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 3-4

- да се поттикнува да ги применува стекнатите знаења во нови ситуации во училишниот и секојдневниот живот;
- да се докажува себеси како единствена и неповторлива личност и да развива самодоверба;
- да се поттикнува да идентификува, да препознава и да искажува различни емоции;
- да стекнува основни култури, здравствено-хигиенски и работни навики;
- да усвојува основни правила за однесување во сообраќајот;
- да се оспособуваат да учествуваат во донесување на правила за однесување во училницата и да се навикнуваат да ги почитуваат;
- да развива чувство за припадност на семејството, одделението, училиштето и родниот крај;
- да развива чувство на почит и љубов кон својата татковина Република Македонија;
- да се поттикнува за меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- да развива почит кон сопствената култура и култура на другите;
- да се оспособува за ориентирање и снаоѓање во просторот и времето;
- да развива интерес и желба за самостојно доаѓање до нови сознанија."[7]

Целите на наставата во прво одделение се однесуваат на ученикот кој треба пред сé да ја запознае непосредната околина и поврзаноста помеѓу луѓето, предметите и појавите и да ги утврдува нивните сличности и разлики. Самиот ученик треба да се поттикнува да препознава и да искажува разни емоции, да стекнува основни културни, здравстевно хигиенски и работни навики. Учењето на основните правила во сообраќајот на ученикот ќе му овозможат самостојно да се однесува во сообраќајот. Исто така, ученикот треба да развива чувство дека припаѓа на своето семејство, одделението и училиштето во кое учи и родниот крај, а истовремено да има почит и љубов кон нив и кон својата татковина и да развива интерес и желба за самостојно доаѓање на нови сознанија.

[7] *Наставна програма по запознавање на околината за I одделение во деветгодишното основно образование*, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 4

"**Цели** на наставата во II одделение каде што ученикот/ученичката треба:

- да ги проширува сознанијата за непосредна околина и да ја сфаќа поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да се оспособува за набљудување, опишување, споредување на предметите и појавите и односите меѓу луѓето;
- да разликува жива од нежива природа и да ја открива нивната меѓусебна поврзаност;
- да ги разликува годишните времења и промените во природата;
- да се оспособува да учествува во донесување и почитување на правила за заедничко живеење во домот, училиштето и во пошироката средина;
- да се вкучува активно во решавање проблеми и да стекнува самодоверба;
- да умее да распознава, да разбира и да искажува различни емоции;
- да се грижи за своето здравје и за средината во која живее и учи;
- да ги запознае и преминува правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- да го проширува знаењето за сообраќајните правила и да развива култура на однесување во сообраќајот;
- да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- да ја сфати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;
- да запознава обичаи и празници од својата култура и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- да учествува во едноставни истражувања;
- да развива интерес и желба за доаѓање до нови сознанија за околината со користење различни извори за учење и ИКТ."[8]

---

[8] *Наставна програма по запознавање на околината за II одделение во деветгодишното основно образование,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 3

Учениците во II одделение исто така треба да ги исполнат одредените цели на наставата. Тие се однесуваат на тоа учениците да ги прошират сознанијата за непосредната околина како и да ја сфатат поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите, да се оспособат за набљудување, опишување, споредување на предметите и појавите и односите меѓу луѓето, да се оспособат да учествуваат во донесување и почитување на правила за заедничко живеење, да умеат да распознаваат, да разбират и да искажуваат различни емоции, како и да се грижат за своето здравје и за средината во која живеат и учат. Учениците во II одделение треба да почнат да развиваат интерес и желба да дојдат до нови сознанија за околината преку користење на ИКТ, па според ова учениците од оваа возраст почнуваат да го употребуваат компјутерот и интернетот за дополнителни информации поврзани со наставата.

"**Цели** на наставата во III одделение каде што ученикот/ученичката треба:

- да ги проширувaат сознанијата за непосредната околина и да ја сфати поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да ги запознае основните детски права;
- да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и во општествениот живот;
- да се оспособува да користи различни извори на знаења;
- да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации;
- да ги сознава односите во семејството и да ги поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;
- да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето;
- да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува;
- да ги проширува знаењата за своето место, родниот крај, и својата татковина;
- да се оспособува за ориентација во просторот и времето;
- да ги согледува сличностите и разликите меѓу човекот, животните и растенијата;

- да ги проширува сознанијата за сообраќајот и разновидните сообраќајни средства;
- да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат;
- да се поттикнува на заштита на природата;
- да ги проширува знаењата за културата на својата заедница и другите заедници;
- да развие позитивен однос кон мултикултурализмот;
- да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината.[9]

Како во претходните одделенија, и учениците во III одделение имаат определени цели кои треба да ги исполнат. Дел од нив се надополнуваат на целите во I и II одделение и стануваат поопширни и поконцизни од нив. Меѓу нив мораме да ги нагласиме следниве цели каде ученикот треба да ги: запознава основните детски права, да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и во општествениот живот, да се оспособува да користи различни извори на знаења, да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации, да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето и да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува истите. Ученикот од III одделение треба да се поттикнува за заштита на природата, да развива позитивен однос кон мултикултурализмот, а исто така и да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината, како и ученците од II одделение.

[9] *Наставна програма по запознавање на околината за III одделение во деветгодишното основно образование*, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 3

## 3.4. Учебници



За да се разбере учебникот и да се и да се открие неговата суштинска вредност, потребно е да се знае неговата дефиниција. Во продолжение ќе се проследат дефиниции од повеќе автори кои се занимаваат со оваа проблематика.

"Учебникот му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаења и да го поттикне развивањето на способностите: **во когнитивното подрачје** - за разбирање и примена на знаењето, анализа, синтеза да се до вреднување; **во афективното подрачје** - за развивање на способностите за прифаќање и завземање за вредностите, па се до формирање на одредени вредности на личноста; и **во психомоторното подрачје** - со поттикнување осмислени активности за усвојување на вештини со користење алати, прибор па сѐ до самостојно вреднување на целовита практична работа.

Во зависноста од природата на наставниот предмет учебникот може да биде целовит (самостоен) или разгранет со повеќе делови (работна тетратка, збирка на задачи, односно вежби или други наставни средства), што ги налага природата на наставниот процес и учење. Во современата практика покрај учебникот се препорачува да се издава и методски прирачник за наставникот."[10]

Во оваа комплексна дефиниција според Концепцијата за учебник, за овој поим се дава значење на когнитивното, афективното и психомоторното подрачје на учебникот, кој како еден важен и неизбежен сегмент од образовниот процес му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаења и да го поттикне развивањето на способностите. Тој според природата на наставниот процес и учење, може да биде самостоен или разгранет

[10] *Концепција за учебник за основно и за средно образование*, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 8-9.

на повеќе делови како работна тетратка, збирка на задачи итн. Значајно е тоа што покрај тоа што се издава учебник, се препорачува да се издава и методски прирачник за наставникот.

"Во развиените земји секое училиште има обврска да создава свој фонд на учебници за да можат учениците да ги позајмат од училишната библиотека оние комплети што ќе им бидат потребни за наставата и учењето во своето одделение. За таа цел училиштето при крајот на учебната година ги запознава родителите за сите учебници што ќе им бидат потребни на учениците за следното одделение. Родителите, доколку покажат интерес, можат да се пријават за позајмување на учебниците од фондот (но тоа не е задолжително)."[11]

Трендот кој го има кај училиштата во равиените земји, сè повеќе почна да се применува и кај нас. Учениците ги позајмуваат од училишната библиотека оние комплети што ќе им бидат потребни за наставата и учењето во своето одделение на почетокот на учебната година и со тоа материјално се олеснува грижата на родителите. Исто така, во развиените земји, училиштата при крајот на учебната година, ги запознаваат родителите за сите учебници што ќе им бидат потребни на учениците за следното одделение.

Поимот учебник, според Проф. д-р Б. Петровски, претставува "Извор на знаења за ученикот, средство што овозможува самостојна индивидуална настава и работа на ученикот кое на своевиден начин служи за конкретизација на наставниот план и програма по соодветниот предмет, наставните единици и теми дидактички ги обликува, поаѓајки од сознанијата на дидактиката за современата настава, со правилно дидактичко обликување учебникот му служи на наставникот како основа за дидактичко обликување на наставниот час, на крајот, при определени возрасти на учениците, им се овозможува на родителите да им помогнат на своите деца во совладувањето на задачите на наставата." [12]

---

[11] *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*,( 2007 ) Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 52-53

[12] Петровски, Б. (1994), *Структурата на учебникот*, Скопје: Просветно дело, стр. 21

Тој опфаќа повеќе фукнционални елементи на учебникот и смета дека учебникот освен што му служи на наставникот како основа за дидактичко обликување на наставниот час, истиот му овозможува на родителот да му помогне на своето дете во усвојување на наставните задачи.

Д.Д. Зуев го дефинира учебникот како "Масовна книга за учење во која се изложени предметните содржини, утврдени со училишната програма, која учениците задолжително ја усвојуваат во зависност од своите возрасни и други особини."[13]

Според овој автор, учебникот како една масовна книга за учење изработена според наставата програма, им помага на учениците на определена возраст целосно да ги усвојат нејзините содржини.

Поврзаноста на учебникот со наставата според Б. Прокиќ се однесува на нивната заедничка концепција и тој смета дека "Учебникот е еден од изворите за знаења и едно од средствата за постигнување на вкупните стратешки цели и оперативни задачи на наставата."[14]

Во Педагошкиот речник 2 се наведува следната дефиниција: "Учебникот-наставно средство; книга која се разликува од книгите за општа употреба по тоа што во неа се изнесени основни научни знаења според дидактичко-методските барања, во согласност со наставната програма, задачите на наставата и целите во воспитанието."[15]

Од овој речник произлегува дека учебникот претставува наставно средство односно книга во која се изнесени основните научни знаења во согласност со поставените барања како што се дидактичко-методските.

---

[13] Zujev-Dimitrijevič, D. (1988), *Školski udžbenik*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 12

[14] Prokič,B.(1989), *Udžbenici i nastavna sredstva u teoriji i praksi,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 82

[15] *Педагошки речник 2*, (1967), Београд: Завод за издавање уџбеника. стр. 521

Ј. Малиќ кажува дека "само онаа книга во која учениците или стручните содржини дадени на корисникот со посебно уреден дидактички инструментариум, зависно од целите на воспитанието и образованието, психофизичката зрелост на личноста за која е наменета, со посебни задачи од наставниот план и програма-таква книга станува учебник, како извор на знаења во процесот на воспитанието и обрзованието, како средство за самостојна работа, за самовоспитание или самообразование."[16]

Преку програмските теми и содржини во **учебниците по запознавање на околината за I, II и III одделение во деветгодишното основно образование**, ќе може да утврдиме каде може да се применува интернетот во реализација на наставата.

Во I одделение се изучуваат следниве програмски теми:

- *Јас и другите*
- *Моето училиште*
- *Мојот дом*
- *Местото во кое живеам*
- *Јас сум дел од природата*
- *Сообраќај*

Со изучување на содржините од програмската тема "Јас и другите", учениците пред сè треба да ги знаат основните податоци за себе, треба да знаат дека од ден на ден растат и дека сето тоа се одвива во континуитет. Тие исто така треба да развијат способност за набљудување, да знаат да опишуваат, да споредуваат и да заклучуваат, а истовремено и да размислуват и искажуваат свое мислење. Во овој период учениците треба да умеат да препознаат и изкажат разни чувства кај себе (љубов, радост, тага, страв), да разавиваат навики за културно однесување, да воочуваат разлики и сличности меѓу себе и другите.

Во втората програмска тема "Моето училиште" учениците треба да се запознаат со поимите: училиште, учител/ка, ученик/а, да се запознаат со училишните простории,

---

[16] Malič, J. (1986), *Koncepcija suvremenog udžbenika*, Zagreb: Školska knjiga, str. 43

училишното катче и останатите вработени во училиштето. Тие исто така со оваа програмска тема ја запознаат својата училишна средина, ги запознаваат своите права и обрвски како ученици, се запознаваат со тоа како треба правилно да се однесуваат со опремата, средствата и да водат грижа за хигиената во училницата. Учениците мораат да знаат што е лево и десно, над, под, горе, доле. Секој ученик треба да го знае патрониот празник во училиштето како еден значаен празник кој треба да се одбележи.



Во третата програмска тема "Мојот дом" целокупната терминологија по запознавање на околината со содржина за нивното семејство, учениците ја изучуваат преку разгледување на семејни албуми, разговор за членовите на семејството и колку члена брои нивното семејство. Преку ова учениците ги совладуваат следниве цели: да ги почитува блиските во семејството, да развива чувство за припадност и да ги запознава правилата за однесување во семејството и улогите во него. Преку овие активности се става акцент на поимите дом, семејство, членови, одговорност. Ученците за да усвојат знаења и вештини за здравјето, однсоно хигиената и здравиот начин на исхрана, прават паноа со средства за лична хигиена и имаат истражувачки активности за здравата исхрана. Во оваа наставна тема, може да се искористат **компјутерот** и **интернетот** како средства за добивање на дополнителни информации корисни за наставата. Учениците треба да ги знаат семејните прослави и празници и како тие се одбележуваат и за оваа наставна тема тие извршуваат голем број на активности како што се изработка на честитки за своите најблиски итн.

Четвртата тема е "Местото во кое живеам". Поими со кои се сретнуваат и ги усвојуваат учениците изучувајќи ја оваа програмска тема се: град, село, пошта, амбуланта, стари градби, носии, стари предмети, музеј, како и поимите: татковина, знаме, химна. Во оваа наставна тема наставникот може да го користи **компјутерот** и **интернетот** како средства за добивање на дополнителни информации и слики за поимите со кои ќе им се олесни на учениците совладувањето на наставата.



Со изучување на петтата програмска тема "Јас сум дел од природата", наставниците најмногу можат да го искористат **компјутерот** и **интернетот** за подетално доловување на наставните содржини како што се: *Растенијата и животните во мојата околина* (овошје, зеленчук, трева, дрвја, домашни и диви животни), *Жива и нежива природа* (ученикот споредува и воочува сличности и разлики меѓу растение, животно, камен, земја), *Јас сум дел од живиот свет* (се запознава со деловите на неговото тело, разликува машки и женски род), и наставната содржина *Природни појави* (во која учениците ги усвојуваат поимите годишно време, есен, зима, пролет, лето, ветер, сонце, дожд, мраз како и природните појави: ден, ноќ, вчера, денес, и деновите во седмицата).

Во шестата програмска тема "Сообраќај", учениците се запознаваат со поимите: сообраќај, пешаци, автомобил, автобус, воз, брод, авион, велосипед, како и семафор и се запознава со улогата на сообраќајниот полицаец во регулираање на сообраќајот. И во оваа наставна тема наставниците можат да ги искористат **компјутерот** и **интернетот** како средства за добивање на дополнителни информации корисни за оваа тема.

Во II одделение се изучуваат следниве програмски теми:

- *Јас со другите*
- *Животот и работата во училиштето*
- *Моето место*
- *Мојот дом*
- *Јас сум дел од природата*
- *Јас истражувам*
- *Сообраќај*

Со изучување на содржините од програмската тема "Јас со другите" учениците преку активностите добиваат информации за разликите и сличностите помеѓу себе, учат да го почитуваат туѓото мислење, а со разгледување на фотографии и раскажување за своето семесјтво се запознаваат со поимите: раѓање, детство, младост, старост. Преку наставните содржини: *Правила за заедничко живеење* и *Права и одговорности*, учениците се запознаваат со правилата на училиштето и животот.

Втората програмска тема е "Животот и работата во училишетето" и во неа учениците ги прошируваат своите знаења за училница, канцеларија, библиотека, кујна, спортска сала итн. совладани во I одделение. Учениците во II одделение преку оваа наставна тема исто така се запознаваат со поимите: соработка, одговорност, другарство и почитување, односно тие треба одговорно да се однесуваат кон своите и заеднички работи во училиштето како што е училишниот прибор. Во последната наставна содржина *Празнување*, наставниците се во можност да го применат **компјутерот** и **интернетот** за да добијат дополнителни инфорамции за тоа на каков начин се прославуваат државните и верските празници.

Во третата програмска тема "Моето место", учениците ги прошируваат знаењата за местото во кое живеат и непосредната околина како што се: село, град, населба, полициска станица, фабрика, пазар, трговски центар итн. Учениците треба да ги препознаваат и споредуваат новите и старите градби, а со тоа да развиваат интерес и почит кон традицијата и културното наслетсво. Наставниците можат да користат **компјутер** и **интернет** со цел да им приберат дополнителни податоци за знаменитите настани, приказни и легенди, народни песни и ора, да соберат разгледници и фотографии и со тоа да им помогнат на учениците во изработката на албуми и паноа за наставната содржина *Македонија-мојата татковина.*

Четвртата програмска тема "Мојот дом" ги разработува следниве програмски содржини: *Членовите на моето семејство* (преку која ученикот ги запознава роднинските врски во потесното и поширокото семејство), *Просториите во домот, Апаратите во домаќинството* и *Заштита од еленматрни непогоди* (преку изработка

на албуми на просториите во домот, разгледивање на мали кујќни апарати и нивно правилно користење), и при тоа наставниците можат да користат **компјутер** и **интернет,** прибирајќи дополнителни информации и слики за подобро доловување на овие поими. Користењето на **ИКТ** исто така може да се примени и во појаснување на поимите за лична хигиена, хигиена во домот, што е здравје, здрава храна, витамини итн.




Во најголема програмска тема "Јас сум дел од природата", наставниците можат најмногу да применуваат **компјутер** и **интернет** со цел појасно да им ги објаснат поимите на учениците од II одделение и тоа: жива и нежива природа, растенија, зеленчук, овошје, зимзелени и листопадни дрвја, домашни и диви животни, годишни времиња, месеци, календар.

Во шестата програмска тема "Јас истражувам", учениците се запознаваат со материјалите: хартија, ткаенина, дрво, песок, природни материјали, и исто така ги откриваат својствата на водата, воздухот, светлината како што се боја, мирис, тежина, притисок итн. Преку наставата содржина *Го менивам светот*, учениците ги употребуваат старите искористени материјали, кутии, предмети, стари весници, пластични чаши итн. за честики и украси и со тоа тие ја развиваат свеста за правилно искористување на старите материјали. За оваа програмска тема, наставниците немаат голема можност за користење

на **ИКТ** бидејќи сите овие поими и материјали учениците мора да ги запознаат преку нивна визуелизација и допир.

Седмата наставна програмска тема е "Сообраќај" и преку неа учениците се запознаваат со правилното и безбедното движење на улица, ги набљудуваат и индетификуваат сообраќајните знаци, препознаваат крстосница и безбедно преминување на истата, ги воочуваат сличностите и разликите на различните сообраќајни средства, се запознаваат со поимите патник, возило и сето тоа го совладуваат преку илустрации, цртање, гледање слики и слајдови кои наставниците ги наоѓаат со користење на **интернет** и **компјутер.**

Во III одделение се изучуваат следниве програмски теми:

- *Јас со другите и другите со мене*
- *Училиштето и значењето*
- *Односи во семејството*
- *Мојот роден крај*
- *Ја истражувам природата*
- *Одлики на животната средина*
- *Ориентација во времето и просторот*
- *Сообраќај*

Со изучување на првата програмска тема "Јас со другите и другите со мене", учениците треба да осознаат дека секоја година се повозрасни и треба да развијат самодоверба во своите способности и умеења и тоа преку наставаната содржина *Знам и можам повеќе* и активностите кои се опфатени преку оваа содржина - разговор со другите за себе, откривање што постигнале и напреднале итн. Преку оваа програмска тема учениците исто така се запознаваат со поимите: соработка, другарство, почитување, ги запознаваат основните детски права и должности и преку посета на Детската амбасада, читање на книги од УНИЦЕФ и запознавање со СОС-телефонот, ученците се запознаваат со

службите за заштита на детските права, а наставниците можат да добијат дополнитени информации за овие установи со користење на **ИКТ**.

Во втората програмска тема "Училиштето и знаењето", учениците се стекнуваат со сознанија дека учењето е важно за личниот развој, а наставниците им помагаат и им покажуваат дека тие можат да се стекнат со знаење преку користење на повеќе извори, како што се учебници, енциклопедии, списанија, **интернет** и др. Наставникот може да им презенира на учениците како правилно да го користат **компјутерот** и **интернетот** како најлесни и најдостапни средства во денешно време за стекнување на нови и дополнителни информации кои ќе им помогнат во учењето.

Во третата програмска тема "Односи во семејството", учениците се запознаваат со поимите: брак, раѓање, предци, потомци, заедничко живеење, учат да ги именуваат роднинските врски, водат разговор за правилата за однесување и живеење во куќа, зграда, населба и сл., посетуваат амбуланта, стоматолошка ординација, пазар и продавница за здрава храна, сè со цел тие да стекнат знаења за здрава исхрана и чување на здравјето. Наставниците користејќи **ИКТ** можат да добијат дополнителни информации за здравата храна, витамините и заштитата и хигиената и истите да им ги презентираат на учениците за полесно совладување на наставата.

Четвртата наставна тема е "Мојот роден крај" и во неа учениците ги прошируваат знаењата за својот роден крај и општината во која живеат, се запознаваат со поважните историски случувања во својата татковина, посетуваат музеј, се запознаваат со ликовите од историјата, со поимите: архитектура, фолклор, знаме, химна, монети, а наставниците овие поими можат подетално да им ги прикажат преку користење на разни информации и слики користејќи **компјутер** и **интернет.**

Во петтата наставна тема "Ја истражувам природата" учениците ги продлабочуваат стекнатите сознанија за почвата, водата, воздухот, за оган, сонце, неговото изгревање и заоѓање, за изворите на звук и бучава. За оваа програмска тема, наставниците немаат голема можност за користење на **ИКТ** бидејќи сите овие поими учениците мораат да ги запознаат преку набљудување и истаржувачки игри.

Со изучување на шестата наставна тема "Одлики на животната средина", учениците преку набљудување на блиската околина како и разгледување на слики, постери и енциклопедии кои наставникот ги наоѓа на **интернет**, учениците се стекнуваат со сознанија дека во околината живеат различни живи организми, учат да ги разликуваат деловите од растенијата, се запознаваат со поимите ливада, нива, житни растенија, шумски дрвја, ги прошируваат знаењата за домашни и диви животни и откриваат некои сличности и разлики кај растенијата, животните и човекот.





Во седмата тема "Ориентација во времето и просторот" учениците преку прошетка во блиската околина учат да се ориентираат во просторот и да ги именуваат и определуваат страните во светот, ги именуваат месеците во годината, се стекнуваат со поим за часот како мерка за времето итн.

Со изучување на осмата тема "Сообраќај" наставникот им помага на учениците во набљудување на слики со сообраќајни знаци, слајдови и програми користејќи **ИКТ,** се со цел учениците да ги продлабочат знаењата за сообраќајот во околината. Учениците треба да развијат навики за правилно и културно однесување на улица и на пешачки премин учејќи ја културата на однесување преку набљудување на правилно однесување во сообраќајот на ТВ, на слајдови на **компјутер**, преку разни видеа земени од **интернет** итн.

### 3.5. Наставен кадар

**Наставник** е личност која воспитува ученици (деца) и студенти (возрасни). Улогата на наставникот во многу случаи е формална и еднолична, се изведува во училиште или друго место каде се изведува формално воспитание. Во многу земји личноста која сака да стане наставник мора прво да се стекне со специфицирани професионали квалификации од универзитет или факултет. Во овие професионални квалификации може да биде вклучено и изучувањето на педагогијата, наука за воспитанието. Наставниците, како и останатите професионалци, би требало да го продолжат своето образование по стекнувањето квалификации, процес познат како постојан професионален развој. Наставниците може да користат план за наставен час за да го забрзаат учењето на наставните содржини кои се предвидени во наставниот план.

Со оглед на тоа дека живееме во време на информации и средтсва за стекнување на знаења, важно е да развиваме способности за побрзо и поквалитетно учење, со цел стекнатото знаење да го користиме за подобрување на квалитетот на живеење. Информатичката технологија допринесува во тие процеси, во исходите на перманентното образование-учење, исто како што овозможува стекнување на знаења. Тоа особено го овозможува користењето на компјутерот и интернетот, а при тоа потребно е да се ценат специфичните потреби на учениците, нивните моќности, интереси, желби, способности, предзнаења. Тоа значи, содржините и методите за работа да се прилагодат кон индивидуалните можности и потреби на учениците. Со оглед на тоа дека училиштето треба да биде основа за доживотно образование, наставните методи и постапките треба да бидат флексибилни и продуктивни. Тоа да се оствари, потребно е да се променат содржините на образованието, наставниците да се запознаат со ефикасни методи на работа и креирање на личноста на ученикот, да се изработат системите на мерење на ефикасноста на наставната работа, на адекватен начин да се наградат наставниците, да се издвојат и поттикнуваат оние наставници кои постигнуваат резултати итн. Значи, неопходно е да се организира индивидуализирана настава, бидејќи практиката покажа дека квалитетот на наставата и образованието се незадоволителни, особено, е изразена

потребата за новата наставна технологија следена со примена на компјутер. Целта на индивидуализацијата е да ги научи учениците како треба да учат, да ги мотивира за учење и да им овозможи развој на индивидуалните способности.

Од тука следи дека наставникот е многу важен учесник за наставата. Имајќи ја во предвид неговата клучна улога, од него зависи квалитетот на наставата. Со цел квалитетот да е повисок-подобар учител, неговата работа мора да ја прилагоди на останатите чинители на наставата пред сè на учениците: нивните интелектуални способности, претходното знаење, интересите, мотивацијата.

"Моменталната состојба на вработениот наставен кадар во училиштата, во однос на нивната оспособеност за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа е следна:

- Наставниците коишто во текот на своето базично образование воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ, но и во текот на својот натамошен професионален развој.
- Наставници коишто во текот на своето базично образование воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ, но во текот на својот работен стаж, преку курсеви или семинари, се имаат обучено да користат ИКТ.
- Наставници коишто во текот на своето базично образование имаат стекнато потребни знаења за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа (тоа се наставници кои ги завршиле своите студии по студиски програми во кои се изучувале информатички содржини, последниве неколку години )."[17]

Во однос на оспособеноста за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа, наставниот кадар е поделен во три единици. Првата група ја сочинуваат наставниците коишто во текот на своето базично образование и својот натамошен професионален развој воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ.

[17] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015,* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 20

Во втората група влегуваат наставниците коишто во текот на своето базично образование воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ, но во текот на својот работен стаж, преку курсеви или семинари, се имаат обучено да користат ИКТ и во последната трета група се наставниците коишто во текот на своето базично образование имаат стекнато потребни знаења за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа.

Треба да се има во предвид дека има и дел невработени наствници кои ги завршиле своите студии по стари студиски и предметни програми, но истите тие не им овозможувале да се обучат за користење на ИКТ. Исто така има и невработени наставници кои во текот на иницијалната обука се стекнале со основни информатички знаења, но не доволни и согласни со развојот на денешната ИКТ.

Според тоа, треба да се интервенира во *иницијалната обука* и *професионалното усовршување на наставниот кадар*, како на пример вградување и збогатување со содржини кои ќе им овозможат на наставниците успешно да ја применуваат ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.

*Иницијална обука на наставниот кадар* за примена на ИКТ во воспитно-оввразовната работа во училиштето се состои од:

- "Збогатување на системот за иницијална обука на наставниот кадар со содржините од ИКТ, но и примена на ИКТ во реализацијата на програмски содржини од различни наставни предмети.
- Стекнување на знаења и вештини на студентите идни наставници, за успешна примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес."[18]

Од сето ова можеме да заклучиме дека иницијалната обука се збогатува со содржините од ИКТ како и со примена на ИКТ во реализацијата на програмски содржини

[18] *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015,* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 20

од различни наставни предмети, а исто така и идните наставници се стекнуваат со знаења и вештини за успешна примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес.

Целта на *професионалното усовршување (професионална обука) на наставниот кадар* за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето се однесува на стекнување на знаења и вештини од дигиталната култура и образовната полза од ИКТ, и тоа преку осознавање на можностите и потенцијалите на ИКТ, односно како ИКТ може да ги збогати процесите на наставата и учењето.

Обуката на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето ќе биде фокусирана на образовната полза и треба да вклучува примери на образовна употреба во рамките на разни предметни содржини.

За обуката на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето, во однос на стручната и професионалната компетентност на наставниците во поглед на знаењата (наставник, истакнат наставник, наставник ментор), се предвидуваат три нивоа на обука. Според ова се врши изработка на стручни компентенции на наставниците за примена на ИКТ за образовните потреби во училиштето во зависност од нивниот степен на знање.

Според нацрт програмата за развој на ИКТ во образованието 2005-2015, потребно е да се организираат следниве три нивоа на обука:

- *основна ИКТ* (ова ниво на обука е задолжително за истите наставници, компетенции на наставниците согласно со ова ниво ќе бидат вградени во сетот на компетенциите за звањето наставник);
- *ИКТ во развој* (истакнат наставник);
- *напредна ИКТ* (наставник ментор).

### 3.6. Интернет технологијата како подршка на образовниот процес



Интернетот е јавно достапен систем на меѓусебно поврзани сметачки мрежи од целиот свет кои пренесуваат податоци во форма на пакети со користење на стандардното множество протоколи. Интернетот со својот сервис ја обединува мултимедијалната и комуникационата технологија, и како таков претставува погодно опкружување за подршка на реализацијата на процесот на образование. Интернет технологијата претставува основна карактеристика на модерната примена на компјутерот во образовниот процес.

Благодарение на напредокот на техниката и технологијата, како и на предностите и условите кои ги нуди интернетот, наставниците можат да ги усовршуваат своите знаења, подобро да ги организираат своите предавања и да ја споредат методолошката работа со работата на своите колеги во било кој дел на светот. Најголемата предност на интернетот е неговата поврзаност со целиот свет. Наставниците и учениците можат постојано да ги пратат новите информации и достигнувања во областа на образованието. Постојаните контакти со своите колеги од светот им овозможуваат на наставниците да се запознаат со нови техники на предавање, нови содржини за наставната програма, и на учениците им обезбедуваат најнови информации.

Можностите кои ги нуди интернетот се големи и во денешно време каде постои постојано техничко-технолошко усовршување не е возможен напредок без негова употреба. Интернетот нуди секаков вид на можности како што се: пребарување и читање на литература на милиони сајтови, читање и симнување на различни видови на

документи, размена на електронска пошта, интерактивно учење, комуникација во рамки на компјутерски конференции, креирање на сопствени презентации, дистрибуција на електронски публикации, пребарување на објавени трудови и книги од различни области и сл.

Се повеќе ученици поаѓаат во основно училиште со знаење од областа на компјутерите и интернетот. Денес со помош на интернетот можат да се изучуваат и пребаруваат информации за различни теми кои некогаш било невозможно да се изучуваат. Новите начини на информатичката технологија му овозможуваат на наставникот да им обезбеди на учениците пристап до образовните содржини кои се повеќе прилагодени кон нивните индивидуални потреби, а при тоа да не се бара од наставникот повеќе време за негова подготовка.

Употребата на интернетот и компјутерите во наставата им овозможуваат на наставниците во своите предавања да внесуваат информации кои не би биле достапни на друг начин.

Во споредба со традиционалната настава, новата педагогија е мултидисциплинарна, вниманието е посветено на дизајнот, интерактивниот курикулум, мултимедијалните графици и програмирањето. Меѓутоа, употребата на интернетот во подготвувањето на наставата не претставува спротивставување на целокупната традиционална педагогија, туку ја проширува и олеснува, и така создава нова комбинација на учење.

### 3.7. Компјутерот во наставата



Компјутерската технологија е дел од нашето секојдневие. Непознавањето на компјутерскиот јазик подразбира намалена можност на информации, комуникација, а истовремено и затворена врата за бескрајни можности и услуги кои ги нуди компјутерот.

За појавата на компјутерот во наставата, според авторот Шолјан, влијаеле повеќе фактори и тоа: "социолошки, педагошко-дидактички, научно-технолошки, перманентното образование како посебен фактор, како и програмираната настава и брзото темпо на развој и усовршување на компјутерската технологија. На овие фактори треба да се додаде и човечкиот елемент.

Во социолошките фактори се вбројува постојаниот пораст на популацијата и потребата од нејзино образование. Исто така големо значење имало и демократизацијата на школството кои ги направило достапни образовните добра за луѓе од различни возрасни периоди и интереси.

Од педагошко-дидактичките фактори треба да се спомене неефикасноста на традиционалната настава, отсуството на управување и контрола во наставата и учењето, неможноста за целосна индивидуализација во традиционалната настава, претежно застапениот фронтален облик на работа, неактивен и претежно рецептивен однос на учениците во наставата и учењето, слабости на класичниот учебник и др.

Порастот на знаењата и перманентните промени во новата технологија и начинот на производство, довело до потреба процесот на образование и воспитание да се сфати како перманентен процес. Во така сфатен процес потребна е нова технологија на образование која иницира и користење на компјутер за потребите на образованието.

Како следен фактор кој влијаел на појавата и развојот на компјутерот во наставата е програмираната настава. Таа извршила доминантно влијание со новата организација на наставните информации и специфични средства кои ги користеле.

Исто така, од големо значење бил и брзиот развој и усовршување на компјутерската технологија, со што е овозможен симултан пристап на голем број ученици кон компјутерите. Човечкиот елемент кој што се состои во согледувањето на можностите кои ги пружи новата компјутерска технологија во областа на образованието."[19]

Од сето ова, според авторот Шолјан и неговата книга "Настава и учење со помош на компјутер", можеме да заклучиме дека за појавата на компјутерот во наставата влијаат повеќе фактори. Тие фактори се следниве:

- социолошки фактор (постојан пораст на популацијата и потребата од нејзино образование),
- педагошко-дидактички фактор (неефикасноста и неможноста за целосна индивидуализација на традиционалната настава, отсуство на управување и контрола во наставата и учењето итн.),
- научно-технолошки фактор,
- перманентното образование,
- програмираната настава и брзото темпо на развој, усовршување на компјутерската технологија и човечкиот елемент.

[19] Soljan, N. N. (1972), *Nastava i učenje uz pomoč kompjutera*, Zagreb: Pedagoško-književni zbor, str. 122

### 3.8. Основни одлики на компјутерот

Компјутер е електронски уред кој се користи за обработка на податоци според строго одредена процедура. Во англискиот јазик зборот Computer се користел за нарекување на луѓе кои се занимавале со аритметички пресметки, со или без механички помагала, но подоцна е користен и за самите пресметувачки машини. Современите пресметувачи (компјутери) се појавиле во педесетите години од дваесетиот век, а работеле така што податоците се припремале на издупчени картици и потоа преку посебни оптички читачи се внесувале во компјутерот каде понатаму се вршела обработка на податоците.

Компјутерот представува сложена машина способна да помни голем број на податоци и програми и истите автоматски да ги обработи со голема брзина и точност. Компјутерот е неизбежно средство за брза и прецизна обработка, како и за совладување и пренос на огромен број на информации.

Со својата обработувачка особина компјутерот на наставникот му овозможува да се ослободи од огромна количина на "пешачка работа", а заштеденото време да го потроши на посветување на учениците.

Користењето на компјутер во училиштето е неопходно и се применува во голем број на активности, во смисла на негова примена во подготовка на наставата, за распоредот на часови, за комбинирање на ученички одделенија, за евиденција на оценките, за соработка со родителите, за работа со библиотеката, за општа организација, управување и истражувачка работа, како и за училишна администрација.

Во компјутерската меморија сместена е огромна количина на информации и податоци. Во зависност од програмата која е наменета за целите на наставникот, може да се задоволат и најголемите интереси за соодветната наставна тема, а исто така и ученикот може да добие дополнителни информации кои ќе му го олеснат учењето и совладувањето на наставниот материјал.

Комјутерските програми за наставните потреби ги подготвуваат професионални програмери кои максимално ги почитуваат и задоволуваат барањата на настаниот процес

за подобар квалитетет и работење.

Презентацијата преку компјутер може да биде разновидна и занимлива. Во зависност од потребата и мултимедискиот склоп, компјутерот може да ја презентира наставната програма преку пишан текст, со помош на слики, филмски инсерти и видеа и на тој начин се активираат повеќе сетила на учениците со што комуникацијата станува поинтересна за учениците и позитивно се одразува вкупниот резултат на учениците.

Контролата и управувањето на наставниот процес успешно се остварува со помош на компјутер, бидејќи во програмите наменети за наставата и учењето се вградени информации и со тоа се овозможува наставникот во секој момент да знае во која мера е совладана наставната материја.

Компјутерот не е субјективен “наставник”. Него сите ученици му се еднакви и тој има објективен пристап и барања за сите ученици.

Наставата со помош на компјутер се карактеризира со индивидуални одлики и способности на учениците. Доколку некоја материја не може да ја разбере ученикот, компјутерот му поставува дополнително прашање, го насочува да обнови некоја лекција и не го пушта дури целосно не ги совлада одредените факти. Ученикот чии што знаења и можности се поголеми, компјутерот му поставува поголеми барања.

Компјутерот создава услови наставникот да:

- потполно и детално ја планира наставната материја;
- подетално ја прилагодува материјата на потребите и можностите на учениците;
- интердисциплинарно и тимски работи во процесот на планирање и реализирање на наставните содржини;
- поочигледно, поконкретно и поживописно ги презентира содржините;
- поприродно и поинтензивно го поттикнува и одржува вниманието на учениците;
- го олеснува совладувањето и на најтешките наставни содржини;
- остварува самоконтрола кај учениците;
- помнењето и задржувањето кај учениците се потемелни и потрајни.

Компјутерот во наставниот процес може да му помогне на наставникот во :

- усовршување, осовременување и динамизирање на облиците, средствата и методите на работа;
- рационалното користење на времето, средствата и просторијата за наставна работа;
- креирање услови во кои наставата ќе биде поактивна за учениците и поблиска до нивните потреби и способности;
- потикнување и развивање на ентузијазмот кај учениците во процесот на учење.

Колку и како ќе се користи компјутерот во наставниот процес зависи од подготвеноста и заинтересираноста на наставникот. Тој треба да го користи компјутерот максимално и така заедно со нивните особини ќе дадат најдобар резултат за креирање и презентирање на наставата.

## 3.9. Прв образобен циклус во осноното образование

"Со новиот концепт за деветгодишното основно училиште големо значење имаат и новите системски решенија во школувањето на учениците. Карактеристично е тоа што во првите три години наставата и другите облици на воспитно-образовната работа со учениците се систематизирани и претставуваат една основна целина. Всушност, во прво одделение развојот на предоперативното ниво на мислење кај децата поминува кон степенот на конкретни операции. Овие промени, сепак, не настануваат кај сите деца истовремено ниту подеднакво, туку продолжуваат и во второ и трето одделение на основното училиште.

Затоа со наставните програми во новото училиште не треба да бараме од сите ученици истовремено да ги постигнат стандардите на знаења за читање, пишување и сметање до крајот на наставата во прво одделение, туку тие се планираат со оглед на индивидуалните разлики учениците да ги постигнат целосно до крајот на трето одделение. За таа цел во новиот концепт за наставата учениците имаат доволно време да

го систематизираат своето искуство и знаење и да усвојуваат нови знаења. Главна порака е децата да учат од своето искуство, да им се овозможи сами да експериментираат, да ракуваат со предметите, да користат симболи, да поставуваат прашања, да бараат одговори и своите наоди да ги споредуваат со наодите на другите деца.

Со овој пристап во планирањето и организацијата на наставата се остава доволно време на секој ученик за усвојување на ново искуство и знаење и многу повеќе можности наставниците да се посветат на индивидуалните разлики во процесот на учењето на секој ученик во паралелката.

Искуството и знаењето на децата во периодот од 6 до 9 годишна возраст има темелно значење за нивното натамошно напредување во основното училиште."[20]

Од сето ова може да дефинираме дека во првиот образовен циклус од деветгодишното образование, според Министерството за образование и наука и нивната концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, не треба да бараме од сите ученици истовремено да ги постигнат стандардите на знаења за читање, пишување и сметање до крајот на наставата во прво одделение, туку тие се планираат со оглед на индивидуалните разлики учениците да ги постигнат целосно до крајот на трето одделение. За таа цел во новиот концепт за наставата, учениците имаат доволно време да го систематизираат своето искуство и знаење и да усвојуваат нови знаења.



[20] *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007) Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 76-77

## 3.10. Дефинирање и предмет на проучување на методиката на наставата по запознавање на околината

Дефинирање на поимот методика може да се изведе од поимот дидактика што представува наука за наставата. Дидактиката опфаќа општи прашања од секоја настава, односно она во што е суштината на наставниот процес: што е содржината на наставата, кои се нејзините задачи и како треба да се учи. Методиката за разлика од дидактиката се занимава со поединечни наставни области, подрачја и предмети. Методиката на наставата по запознавање на околината е интердисциплинарната наука која ги проучува законитостите на образованието и воспитанието, помеѓу определени наставни содржини по запознавање на околината, во посебни организации на наставната работа. Методиката на наставата по запознавање на околината претствува научна педагошка дисциплина која ги проучува теориско-практичните прашања од областа на наставата по запознавање на околината.

"Според тоа, методиката на наставата по запознавање на околината е теорија на воспитно-образовната работа, организацијата, техниката и верификацијата на наставната работа во областа на запознавање на околината. Проучувајќи ги од теориска и практична страна основните прашања од наставата, методиката ги открива законитостите и ги утврдува основните принципи за современата организација и вреднување на наставната работа. Ваквиот приод на проучување на наставниот процес овозможува да се изгради современа методичка основа за правилно насочување и успешно организирање на наставната работа во запознавањето на околината. Тесно поврзана со наставната практика по запознавање на околината, методиката како теорија на воспитно-образовната работа овозможува воопштување на наставната практика, пренесување на позитивното искуство на наставната практика, а со тоа и создавање на услови за современа успешна организација на наставната работа по запознавање на природата и општеството."[21]

[21] Секуловски, К. (1974), *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството*, Скопје: Просветно дело, стр. 5

Според книгата *Методиката на наставата по запознавање на околината*, методиката е дефинирана како теорија на воспитно-образовната работа, организацијата, техниката и верификацијата на наставната работа. Таа исто така ги открива законитостите и ги утврдува основните принципи за современата организација и вреднување на наставната работа.

Определувањето на предметот на наставата по запознавањето на околината е многу важно, затоа што од тоа зависи подрачјето на нејзината работа, нејзината посебност и автономност. Предмет на методиката на наставата по запознавање на околината е наставата по запознавање на околината т.е. законитостите на образованието и воспитанието преку содржините од наставата по запознавање на околината.

### 3.11. Развој на наставата и наставниот предмет по запознавање на околината

Учењето за природата и општеството има прилично долга историја и прв пат се појавува во наставните планови во XVIII век. Во својот развој, од самиот почеток до денес доживеала многу промени во поглед на функцијата во основните училишта, големината и длабочината на содржината, како и начинот на остварување на задачите. Првите појави кои се објаснуваат за природата и општеството се митолошката и идеалистичката. Тој период се смета за доста долг, но и безначаен за развој на науката и наставата на природата и општеството. Први конкретни знаења за природата и општеството се смета дека ги дале мислителите од античкиот период и тоа: Платон (427-347), Аристотел (384-322) и други.

Во епохата на хуманизам и ренесанса ( XV и XVI век), природните науки доживеале голем напредок. Помладата граѓанска класа развила производство, а тоа овозможило развој реални науки. Како последица на сето тоа се довело да реалните наставни предмети се воведат во училиштата. Најголема заслуга за тоа има Ј. А. Коменски (1592-1670). "Тој во своите залагања одел толку далеку така што барал од децата да ги запознаваат работите околу себе во својот дом пред да почнат да одат во училиште.

Упатставата за тоа како треба да се работи со децата за запознавање на објективните стварности, Комески ги дава во книгата "Мајчино воспитување" и "Светот во слики"."[22]

Како што Коменски се залагал да ги воспитува децата да ги учат работите околу себе пред да тргнат во училиште, не е ни случајно што појавата на методиката за наставата по природата и општеството се врзува за неговото името.

Коменски представува прв педагошки наставник, творец на одделенско-часовниот и предметен систем, на фронталната настава и е основач на модерната дидактика.

Постојат и други педагошки наставници кои на свој начин придонеле за развој на наставата и методиката за настава по природата и општеството. Посебно треба да се истакне заслугата на Х. Песталоци (1746-1827). "Тој прв ги разработил и детално ги прикажал методиките на елементарната настава, посебно методиката по мајчин јазик, географија и аритметика. Тој има голема заслуга за воведување на овој предмет во основните училишта. Песталоци истакнува дека очигледноста е највалиден наставен принцип и дека треба да се започне со очигледна настава. Во прилика кога децата се запознаваат со работите околу себе да воочуваат: име, број и облик."[23]

Како Коменски, така и Песталоци имал голем придонес во развојот на наставниот предмет природата и општеството. Тој прв разработил и детално ги прикажал методиките на елементарната настава и има голема заслуга за воведување на предметот природата и општеството во основните училишта. Тој смета дека треба да се почне со очигледна настава, односно со она што децата најлесно го перцепираат околу себе и истото да го изкажат и поопширно да го запознаат за наставните цели.

"Ј. Ф. Хербарт (1776-1841), за кого е познато постинувањето на научната автономна педагогија како наука, во својот нацрт за системот на педагошката наука разликува

---

[22] Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б. (1997), *Методика наставе природе и друштва,* Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању, стр. 12

[23] Исто, стр. 12

практична и теоретска педагогија. Теоретската се дели на педагошка теологија и педагошка методологија, која ги проучува начините и патиштата за реализација на воспитувањето. Во составот на педагошката методологија е дидактиката како теорија на наставата. Тука се разработуваат и методичките прашања."[24]

Според ова, можеме да кажеме дека голем замав во педагогијата како наука имал и Хербарт кој во својот нацрт за системот на педагошката наука разликува практична и теоретска педагогија. Теоретската се дели на педагошка теологија и педагошка методологија, а во составот на педагошката методологија е дидактиката како теорија на наставата.




Поделба според Ј.Ф.Хербарт

Педагозите од XVIII, XIX и XX век биле сложни во тоа да почетната вистинска настава е неопходна за воведување на ученикот како почетник во создавањето на работите, но се разликувале во однос на целта на тој предмет. Едни мислеле дека нивниот основен смисол е учениците да ги запознаваат основните елементи на реалноста. Други во прв

[24] Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б. (1997), *Методика наставе природе и друштва,* Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању, стр. 13

план го истакнувале развојот на говорните способности, а на трети пак основно им било остварување на воспитните задачи. Современата дидактичка терминологија вели дека првите ги нагласувале образовните, вторите функционалните, а третите воспитните цели.

"Педагошките идеи допреле и до нас преку учењето на Д. Обрадовиќ (1740-1811). Тој покрај другото се залагал во училиштата да се предава за основните знаења за запознавање на природата. Почетокот на учењето на елементарните знаења околу природата е донесен во првиот закон на училиштата во Србија.

Помеѓу двете светски војни за наставата по природата и општеството во прво и во второ одделение во основно училиште се употребуваат следниве називи: *почетната вистинска обука, почетната вистинска и јазична обука, почетната вистинска и животна обука, почетната вистинска настава и сл.* Во трето и во четврто одделение постоеле следниве предмети: историја, географија и познавање на природата."[25] Како и другите автори, така и Д. Обрадовиќ се залагал во училиштата да се предава за основните знаења за запознавање на природата.

За наставата по природата и општеството во прво и во второ одделение во основно училиште, во периодот во помеѓу двете светски војни, се употребувале и други називи како што се почетната вистинска обука, почетната вистинска и јазична обука, почетната вистинска и животна обука, почетната вистинска настава. Во трето и во четврто одделение постоеле предметите историја, географија и познавање на природата.

"После втората светска војна содржината на наставта по природата и општеството, *почетната вистинска настава*, се изучува *во рамките на наставата по мајчин јазик* во прво и во второ одделение и преку посебни наставни предмети од трето и од четврто одделение: историја, со 6 часа неделно, географија, со 6 часа неделно, и познавањето на природата, со 6 часа неделно."[26]

---

[25] Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б. (1997), *Методика наставе природе и друштва*, Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању, стр. 13

[26] Исто, стр. 13

"Од првата и најголема реформа после војната (1958), кога основното училиште станува осумгодишно, донесени се четири наставни плана и програми за основно училиште, а извршени се шест измени и допуни.

Наствниот план и програма од 1959 година, предучилишната настава по природата и опшеството го сменила името во *познавање на природата и опшеството* со осум часа неделно, *познавање на природата* со два часа неделно во четврто одделение и *познавање на опшеството* со два часа неделно исто така во четврто одделение."[27]

Од сето ова може да заклучиме дека понатамошниот развој на наставата по природата и опшеството се одвива и изучува во рамките на наставата по мајчин јазик и тоа во период после втората сведска војна. Понатаму, основното училиште станува осумгодишно и тогаш се донесени четири наставни плана и програми за основно училиште. Во наствниот план и програма од 1959 година, предучилишната настава по природа и опшество го сменила името во познавање на природата и опшеството.

"Во наствниот план и програма од 1976 година, е намален бројот на часови за предметот *запознавање на природата и опшеството* во трето одделение од четири на три часа неделно. Заедничкиот план и програма на воспитно образовната работа во основното училиште во 1984 година, наставниот предмет по природа и опшество го менува називот во природа и опшество.

Наствниот план и програма од 1990 година, по предметот природа и опшество во трето одделение се менува бројот на наставните часови. Во трето одделение бројот на часови се намалува од три на два часа, така што овој наставен предмет од тогаш е застапен со по два часа неделно во прво, второ и трето одделение. Бројот на часови за запознавање на природата и запознавање на опшеството останал ист, по два часа неделно во четврто одделение."[28]

---

[27] Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б., (1997), *Методика наставе природе и друштва,* Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању, стр. 14

[28] Исто, стр. 14

Се заклучува дека во наствниот план и програма од 1976 година намален е бројот на часови за предметот запознавање на природата и општеството во трето одделение, а подоцна и наставниот предмет по природа и општество го менува називот во природа и општество. Понатаму, наствниот план и програма во деведесетите години, по предметот природа и општество во трето одделение, го менува бројот на наставните часови.

Општа карактеристика е тоа дека измените во поглед на бројот на часови, со цел да се растеретат учениците од вкупниот број на неделни часови, се извршувани повеќе механички, без согледување на местото и улогата на одредени наставни предмети во остварување на целта и задачите во основното училиште по одделенска настава.

Од 2007 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија со Бирото за развој на образованието предметот запознавање на природата и општеството го преименува во *запознавање на околината*, и тоа со по два часа неделно во прво одделение и по три часа неделно во второ и во трето одделение.

## 3.12. Задачи на методиката на наставата по запознавање на околината

Методиката на наставата по запознавање на околината, како научна педагошка дисциплина, го проучува процесот на стекнување на знаење и педагошки навики на учениците од областа на природата и општествената средина. Таа исто така го проучува и процесот на развој на учениците низ наставата по запознавање на околината, како и нивното совладување на наставните содржини од истиот предмет. Според законитостите на специфичноста на наставните содржини и возраста на учениците, методиката ги дава основните принципи на организацијата на наставната работа, а исто така го определува и местото и улогата на сите фактори во наставата по таа област. Според тоа, се создаваат услови за организирање на современата и успешната наставна работа.

Задачи на методиката по запознавање на околината се:

- проучување и научно-теоретско осмислување на наставната пракса;

- откривање и запознавање на основните законитости во подрачјето на наставата по запознавање на околината;
- проучување на историскиот развој на наставата по запознавање на околината и идниот развој;
- популацијата на научните истражувања заради усовршување и подобрување на наставата;
- популаризацијата на научните истражувања заради усовршување и подобрување на наставната пракса.

Задачите на методиката на наставата по запознавање на околината не треба да се поистоветуваат со задачите на наставата по запознавање на околината.

"За да може да претставува функционална основа на воспитно-образовната работа на наставата по запознавање на околината, пред методиката се поставени следниве задачи:

1. Да ги истакне и објасни значењето и задачите на оваа наставно-воспитна област во формирањето на ученичката личност;
2. Да помогне во поблиско определување на програмските содржини и да ги проанализира сообразно на значењето и задачите на наставната област што таа ја проучува;
3. Да ги определи и теориски да ги објасни принципите за избор и користење на наставните објекти, наставните средства, методите, постапките и облиците за организирање на наставната работа, дополнителна работа и слободните активности на учениците за поцелосно активизирање на учениците во процесот на стекнување на знаења, умеења и навики во запознавањето на природната и општествената средина."[29]

Методиката како функционална основа на воспитно-образовната работа на наставата по запознавање на околината поставила одредени задачи. Тие се однесуваат на тоа да се објасни значењето и задачите на методиката, да се помогне во поблисикото

---

[29] Секуловски, К. (1974 ), *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството,* Скопје: Просветно дело, стр. 10

определување на програмските содржини и да се определи и теоретски да се објаснат наставните објекти, наставните средства, методи итн.

Според Иван Де Зан, задачите на методиката по запознавање на околината можат да се сведат на четири темелни задачи: *историска, теоретска, практична и истажувачкиа задача.*

- "*Историската задача* на методиката на наставата по запознавање на околината се однесува на проучување на историскиот развој и обликување на тоа наставно подрачје, како и на стремежот кој е насочен кон неговата иднина.
- *Теоретската задача* на методиката на наставата по запознавање на околината ги опфаќа теоретските основи на наставната работа.
- *Практичната задача* на методиката на наставата по запознавање на околината се однесува на практичната примена во наставните активности. Успешното воспоставување на наставата по запознавање на околината зависи од оспособеноста на наставникот за практично изведување на наставата.
- *Истражувачката задача* на методиката на наставата по запознавање на околината се однесува на проучување на проблемот на наставната пракса поради зголемување на нејзината ефикасност."[30]

Со овие поставени цели кои што се единствени и неделиви, и со нивно остварување, методиката ја исполнува својата намена и го оправдува своето постоење. Исто така со остварување на поставените задачи се доаѓа до понатамошно усовршување и оспособување на секој наставник за негово успешно изведување и остварување на квалитетни резултати од наставата по запознавање на околината, како и од наставата во целина.

[30] De Zan, I. (2000), *Metodika nastave prirode i društva*, Zagreb: Školska knjiga, str. 6-7

### 3.13. Значењето и задачите на наставата по запознавање на околината

За децата од младата училишна возраст, наставата по запознавање на околината има големо значење за нивно воведување во светот на предметите и појавите од нивната непосредна околина.

Според методиката на наставата по запознавање на околината се смета дека со доаѓањето на децата од седумгодишна возраст во училиштето, тие носат извесно искуство од својата природна и општествена средина. Се смета дека тие од својата љубопитност, добиле некакви знаења за предметите и покарактеристичните промени во природата, за животот на луѓето и животните во нивната непосредна општествена средина. Тоа нивно искуство се смета за непотполно, поврзано, па дури и погрешно бидејќи е стекнато преку спонтано набљудување, предизвикано од необичните појави што ги гледале во природата, кај предметите, луѓето и животните. Методиката, за остварувањето на својата основна задача во наставата по запознавање на околината, тргнува од детското искуство и го користи него, но при тоа го проверува, го поправа, го проширува и формира ново искуство. При тоа основата задача на наставата по запознавање на околината е запознавање на учениците со природата од непосредната околина и животот на луѓето и животните во неа.



"Преку наставата по запознавање на природата и општеството учениците не само што учат и ја запознаваат непосредната и подалечна природа и општествена средина, туку постепено преку разни училишни и вонучилишни ученички активности, како што се: украсувањето и уредувањето на училницата и училиштето, одржување на редот и хигиената во одделението и во училиштето, потоа, преку уредувањето и одржувањето на зеленилото во училиштето и блиската околина, преку уредувањето и одржувањето на спомениците и гробовите на истакнати борци од својот крај, преку учество во свечености и акции во врска со училишни

и државни празници, преку учество во општественокорисни акции, учениците ќе се вежбаат она што го учат во наставата да го применуваат во животот од својата средина, ќе се учат постепено, сообразно на нивните сили и способности, да се вкучуваат и активно да учествуваат во животот и менувањето на својата природна и општествена средина."[31]

Учениците, според методиката на наставата по запознавање на околината, преку наставата не само што учат и ја запознаваат непосредната и подалечната природна и општествена средина, тие исто така вежбаат она што го учат во наставата да го применуваат во животот од својата средина, и учат постепено да се вкучуваат и активно да учествуваат во животот и менувањето на својата природна и општествена средина.

Содржината на оваа наставна област е мошне погодна за развивање на љубовта кон својот крај и својата земја. Така, повремените прошетки, излети и набљудувања во својата поблиска и подалечна околина, се користат за запознавање на учениците со убавините и богатствата на природата на нивниот крај. Исто така сето ова им користи на учениците за запознавање со тоа како човекот ги користи природните богатства и тие го подобруваат и олеснуваат својот секојдневен живот. Учениците, преку учество и помош во работата на постарите, развиваат љубов и правилен однос кон трудот и кон луѓето.

За развивање на љубов кон природата, кон својот крај и целата своја земја, како и кон работата и кон човекот, на учениците им помагаат исто така и разните акции на општествено-корисна работа во учулиштето и надвор од него.

Содржината на наставата по запознавање на околината, уште во најраната училишна возраст кај учениците дозволува да се постават основите за формирање на правилен и научен поглед на светот. Според методиката на наставата по запознавање на околината, децата уште во најраната училишна возраст можат да воочат како под дејство на сончевата топлина и светлина настануваат одредени промени во природата и како тие предизвикуваат промени во животот и работата на луѓето и животните. Така децата,

---

[31] Секуловски, К. (1974 ), *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството,* Скопје: Просветно дело, стр. 14

набљудувајќи ја природата и работата на луѓето, ги воочуваат промените на предметите, луѓето и животните.

"Според сето изнесено, значењето на наставата по запознавање на околината е во следново:

- да придонесува во остварувањето на целта на воспитувањето во формирањето на ученичката личност;
- да придонесува во сестраниот развиток на личноста, пред сè, да им овозможи на учениците постепено и системско да се воведуваат во светот на предметите и појавите од непосредната општествена средина, која што постепено од одделение во одделение ќе се проширува;
- учениците да стекнат знаења, умеења и навики од областа на природата и општеството, што ќе им послужат како основа во понатамошното изучување на природата и општеството како посебни наставни предмети: запознавање на природата, запознавање на општеството, физиката, хемијата и биологијата, историјата и географијата."[32]

Значењето на наставата по запознавање на околината се состои во придонес во формирањето и сестран развиток на ученичката личност како и придонес во тоа учениците да стекнат знаења, умеења и навики од областа на природата и општеството.

Според методиката, задачите на наставата по запознавање на околината произлегуваат од задачите кои ги има воспоставено основното училиште и од значењето и местото на наставна област што го зазема во системот на наставните предмети што ја изучуваат природата и општеството.

[32] Секуловски, К. (1974 ), *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството,* Скопје: Просветно дело, стр. 13-15

### 3.14. Планирање на наставата по запознавање на околината

Планирањето на наставата по запознавање на околината, за разлика од планирање по други наставни предмети, е далеку по сложена и бара од наставниците повеќе напор. Според авторите Лазаревиќ, Банќур и Станимировиќ програмските содржини се *обични, разноврсни, комплексни и динамични*. Тие сметаат дека наставниот програм е утврден за цела Република, па како таков е *генерализиран*, и не е прилагоден на местото, околината и регионот во кое се наоѓа училиштето. Програмската содржина во првите три одделенија по запознавање на околината се дадени по теми кои ја сочинуваат програмската, но не и наставната целина, па како такви не можат сукцесивно да се реализираат. Според горенаведените автори, содржината се образува по *концентрични кругови*, па постои опасност истите да не се прошируваат и продлабочуваат во согласност со утврдените задачи за природата и опшеството.

"Наставникот мора пред планирањето добро да ги проучи:

- целите и задачите на предметот;
- оперативните задачи по одделенија;
- програмските содржини по предметите и одделенијата;
- дидактичко-методички упатства за сите три одделенија;
- можности за корелација на содржината со другите наставни предмети;
- специфичноста на местото, околината и крајот;
- условите за работа во училиштето;
- учебникот, прирачникот и друга литература, како за ученикот, така и за наставникот." [33]

Во вака сложено комплексно прашање за планирање на наставата по запознавање на околината, наставниците како организатори и креатори на наставната работа имаат големи обврски. Тие мораат пред планирањето на наставата да ги проучат целите и задачите на предметот, оперативните задачи по одделенија, програмските содржини по

---

[33] Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б., (1997), *Методика наставе природе и друштва*, Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању, стр. 171

предметите и одделенијата, дидактичко-методички упатства за сите три одделенија, условите за работа во училиштето, учебникот, прирачникот и друга литература итн. Исто така, од голема помош е и наставникот при планирањето на наставата да користи и примери на изработен план кои се објавени, но во никој случај не смее истите да ги препишува.

Во наставата по запознавање на околината, наставникот мора да изработи *годишен план и месечен план*. Годишниот план го содржи вкупниот број на часови од двете полугодија, наставните теми, видот и бројот на часови по теми и вкупниот број на часови. Преку овој план, наставникот врши конкретизација на наставната програма, затоа што во програмата по теми е даден орентациониот фонт на часови. Наставникот мора да води сметка да има одреден број на часови во кои ќе се врши повторување на повеќе наставни теми. За разлика од ова, месечниот план е многу подетален и неговата содржина за секоја наставна единица има определено одреден тип на часови, начин на работа, наставни методи, наставни средства, корелација, литература и сл. При планирање на наставата, наставникот секогаш треба да ја бара можноста за примена на интернетот како дополнителен елемент за добивање на дополнителни информации.

II ДЕЛ -  МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување е оспособеноста на наставниците за примена на интернет во реализација на наставата. За оваа намена ќе извршиме емпириско истражување за да се добијат податоци за ставовите и мислењето на наставниците и нивната оспособеност **за користење на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.**

## 2. ЦЕЛИ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Целта** на ова истражување е да се утврди колку наставниците се оспособени за користење на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината и колку истите се во функција на унапредување на ниваната професионална компетентност.

Според **карактерот** ова истражување е применето, емпириско, трансверзално, дескриптивно, квалитативно и индивидуално истражување.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊТО

Од поставената цел на истражувањето произлегуваат следниве задачи:

1. Да се испита оспособеноста на наставниците за примена на *интернетот* во реализација на наставата по запознавање на околината

2. Да се испита мислењето на наставниците за оспособеноста за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината, според местото каде се наоѓа училиштето, градска или рурална средина

3. Да се утврди оспособеноста за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината на наставниците кои имаат компјутер во своите домови во однос на оние кои немаат

4. Да се утврди дали постои разлика во примената на *интернет* во зависност од техничките услови во училиштата

5. Да се испита мотивираноста на наставниците за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

6. Да се востанови дали посетувањето на курсеви за компјутери од страна на наставниците, влијае на нивната оспособеност за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

7. Да се испита дали наставните програми по запознавање на околината во првиот образовен циклус овозможуваат примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

8. Да се испита дали содржините во учебниците по запознавање на околината во првиот образовен циклус се погодни за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

## 4. ХИПОТЕЗИ

Врз основа на целите и задачите на истражувањето се поставува следната главна хипотеза:

***- Наставниците не се во доволна мера оспособени за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.***

Посебни хипотези:

1. Постои разлика во оспособеноста на наставниците за примена на *интернет* во реализирање на наставата по запознавање на околината според местото (градско, рурално) каде се наоѓа училиштето

2. Постојат разлики во оспособеноста на наставниците за примена на *интернет* во реализирањето на наставата по запознавање на околината во зависност од тоа дали поседуваат компјутер во своите домови

3. Постои разлика во оспособеноста на наставниците за примена на *интеренет* во реализирањето на наставата по запознавање на околината, во зависност од техничките услови на училиштето

4. Се претпоставува дека мотивацијата кај наставниците за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината е поголема кај оние кои живеат во градска средина и кои имаат подобар пристап до интернет и подобро познавање

5. Постои разлика во оспособеноста за примена на *интеренет* во реализирање на наставата по запознавање на околината помеѓу наставниците кои посетувале курсеви за компјутери и оние кои тоа не го правеле

6. Се претпоставува дека наставните програми по запознавање на околината во првиот образовен циклус дозволуваат примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

7. Се претпоставува дека содржините во учебниците по запознавање на околината во првиот образовен циклус се погодни за примена на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината

## 5.ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Независни варијабли** се возраста на наставниците, средината во која се наоѓа училиштето, средината во која живее наставникот, поседувањето компјутер, техничките услови за *интернет* во своите домови или во училиштето, посетување на курсеви за компјутери.

**Зависна варијабла** претставува оспособеноста на наставниците за примена на *интернет* во реализирање на наставата по запознавање на околината.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 6.1 Методи на истражувањето

Во истражувањето на овој проблем се користат дескриптивниот метод, компаративниот метод и аналитичко-експликативен метод.

### 6.2 Техники на истражувањето

Во истражуавањето се користат следниве техники:

- анкетирање

- интервјуирање
- скалирање

### 6.3 Инструменти на истражувањето

- Анкетни листови за наставниците
- Протокол за интервју на наставниците
- Инструмент за скалирање
- Хи квадрат

## 7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Истражувањето се однесува на популацијата наставници кои предаваат во основни училишта во прв образовен циклус. Примерокот е избран од градска и од рурална средина во општина Гази Баба во текот на учебната година 2012/2013 по случаен избор.

За потребите на истаржувањето се користеше примерок од **98** наставници по одделенска настава, и тоа во следниве осум основни училишта:

- О.У. Вера Јоциќ - се опфатени ***10*** наставници;
- О.У. Крум Тошев - се опфатени ***9*** наставници;
- О.У. Његош - се опфатени ***11*** наставници;
- О.У. Наум Наумовски Борче - се опфатени ***10*** наставници;
- О.У. Стив Наумов - се опфатени ***18*** наставници;
- О.У. Кирил и Методиј - се опфатени ***10*** наставници;

❖ О.У. Наум Охридски - се опфатени ***10*** наставници;

❖ О.У. Дане Крапчев - се опфатени ***20*** наставници.

Структурата на примерокот е презентирана во табела бр. 1 и графикон бр. 1.

| **Основни училишта** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Вера Јоциќ | 10 | 10.2 |
| Крум Тошев | 9 | 9.2 |
| Његош | 11 | 11.2 |
| Наум Наумовски - Борче | 10 | 10.2 |
| Стив Наумов | 18 | 18.4 |
| Кирил и Методиј | 10 | 10.2 |
| Наум Охридски | 10 | 10.2 |
| Дане Крапчев | 20 | 20.4 |
| **Вкупно:** | **98** | **100** |




Графикон број 1. Број на анкетирани наставници

Во првата фаза, секој наставник кој предава во првиот образовен циклус, одговори на прашалниците во однос на примената на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.

Во втората фаза, при обработката на податоците од прашањата кои се предмет на истражување, поделени според средината каде што се наоѓа училиштето, добиени се соодветни одговори од прашалникот за наставниците и според нив се поставени и посебни хипотези од кои се добиени соодветни резултати и заклучоци.

Наставниците кои предаваат во првиот образовен циклус за време на прашувањето ќе се наоѓаат во природна средина, односно во воспитно образовната институција во која континуирано претстојуваат и работат.

## 8. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Со оглед на карактерот на истражувањето, обработката на податоците е во зависност од типот на инструментите кои се користат при истражувањето и собирањето на податоците. Обработката на податоците треба да се реализира за секој инструмент поединечно поделено на две фази.

Во првата фаза ќе биде опфатена обработката на податоците добиени од анкетните листови и скалерот, преку која се определува примената на *интернет* во реализација на наставата по запознавање на околината.

Во втората фаза податоците ќе ги групираме според поставените хипотези.

Постапки во обработка на податоците ќе бидат *кодирање* и *групирање* на добиените податоци за секој инструмент посебно, пресметување на *процент (%)* и *рангирање*. За полесно интерпретирање и толкување резултатите од истражувањето се изразени со табели и графикони. Сите резултати се подложени на анализа и интерпретација врз

основа на што ќе се донесат и конкретни заклучоци. Хипотезите за разлика се тестирани со помош на $x^2$ тестот.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се реализира во второто полугодие на учебната 2012/2013 година, откако се направени сите протоколи потребни за неговата реализација.

**Во првата етапа**

Примена на примероците од анкетните листови на наставниците

- примена на анкетните листови за наставници за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината

**Во втората етапа**

- директно интервју на наставниците, според средината каде што се наоѓа училиштето

а, истражувањето трае во текот на месец февруари во второто полугодие на учебната 2012/2013 година.

Во **третата етапа** следува обработка на податоците, нивната анализа и дискусија, и донесување заклучоци.

# III. ДЕЛ - АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## 1. *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови за наставниците*

Анкетирањето е извршено на територија на град Скопје поточно во општина Гази Баба, во осум основни училишта: Вера Јоциќ, Крум Тошев, Његош, Наум Наумовски-Борче, Стив Наумов, Кирил и Методиј, Наум Охридски и Дане Крапчев во текот на месец февруари 2013 година.

Анкетирани се наставници кои изведуваат настава во првиот образовен циклус од I-III одделение со помош на анкетни прашања и скалер. Со анкетните листови ги добивме ставовите и размислувањата на наставниците, и условите во кои тие работат, околу примената на интернетот за реализација на наставата по запознавање на околината во првиот образовен циклус во основното деветгодишно образование.

Со помош на обработка на анкетните листови и добиените резултати од истражувањето анализирана е главната и посебните хипотези, со цел да се верифицира нивната вистинитост.

<u>**Првата**</u> посебна хипотеза :

**Постои разлика помеѓу наставниците во оспособеноста за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината според местото (градско, рурално) каде се наоѓа училиштето.**

За обработка на оваа посебна хипотеза се употребени две прашања од анкетниот лист. Првото прашање е под реден број пет од анкетниот лист и гласи: -Дали имате пристап на интернет во Вашата училница/кабинет? Според тоа ги добивме следниве податоци:

Табела број 2

| Дали имате пристап на интернет во Вашата училница/кабинет? | Да | | Не | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Градска средина | 47 | 81 | 11 | 19 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 37 | 92.5 | 3 | 7.5 | 40 | 100 |

Од добиените резултати прикажани во табела број 2 се гледа колку наставниците имаат пристап на интернет во нивните училници или кабинети споредувајќи ги во гратска и рурална средина.

Во првото тврдење со потврден одговор ДА, во **градска средина** од вкупно 100%, 81% имаат пристап на интернет во своите кабинети, а 19% одговорија негативно.

За второто тврдење, во **рурална средина**, од 100% анкетирани наставници позитивен одговор дадоа 92.5%, а 7.5% од нив одговорија негативно.




Графикон број 2

Добиените податоци се тестирани со помош на хи-квадрат, каде што се работеше со 95% ниво на сигурност и дозволена грешка од 5% односно α=0,05 и истото ниво на сигурност е користено и во останатите посебни хипотези.

При спроведување на $x^2$ тестот, за првата посебна хипотеза на првото прашање, реализираната вредност на $x^2$ изнесува 1.19, а критичната вредност е 3.841 и според тоа донесовме заклучок дека пристапот на интернет во нивната училница е еднаков во градска и рурална средина т.е. разликите не се статистички значајни.

$x^2$=1.19 $p>0.05$

Следното прашање од скалерот кое е под реден број пет гласи: - Во училиштето во кое работите, колку често користите компјутер? За оваа прашање добиени се следниве податоци:

Табрла број 3

| Во училиштето во кое работите, колку често користите компјутер? | **Никогаш** | | **Ретко** | | **Често** | | **Секогаш** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 0 | 0 | 2 | 3.4 | 37 | 63.8 | 19 | 32.8 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 1 | 2.5 | 2 | 5 | 26 | 65 | 11 | 27.5 | 40 | 100 |

Според добиените податоци од табела број 3 се гледа колку често наставниците користат компјутери во училиштето во кое работат и тоа според местоположбата на училиштата, во градска и во рурална средина.

Резултатите добиени од **градска средина** се поделени на четири тврдења, од кои наставниците на првато тврдење кое гласи дека никогаш не користат компјутер одговориле 0 наставници или 0%. За второто тврдење, дека ретко користат компјутер, одговориле 2 наставници или 3.4 %, а за третото тврдење кое гласи дека често користат компјутер одговориле најголем број од наставниците и тоа 37 наставници или 63.8 %. И на

последното четврто тврдење одговориле 19 наставници или 32.8 % и тоа гласи дека секогаш користат компјутери во училиштето во кое работат.

По ист редослет на тврдењата одговориле и наставниците од **рурална средина**, со мали промени во однос на наставниците од градска средина. На првото тврдење дека никогаш не користат компјутер во училиштето во кое работат, одговорил 1 наставник или 2.5 %. Ретко дека користат компјутери одговориле 2 наставници или 5 %, а за често својот одговор го дале 26 наставници или 65% како што и во градската средина, односно најголем број од наставниците одговориле на ова тврдење. И за последното четврто тврдење, дека секогаш користат компјутери, одговориле 11 наставници или 27.5 %.




Графикон број 3.

Врз основа на овие резултати од табела број 2 и 3, и графикон број 2 и 3, изразени со фрекфенција и процент, делумно се докажува **прватa посебна хипотеза**, односно се докажува дека не постои голема разлика во оспособувањето на наставниците за примена на интернетот во реализирање на наставата по запознавање на околината според местото каде што се наоѓа училиштето.

**Втората** посебна хипотеза :

**Постојат разлики во оспособеноста на наставниците за примена на интернет во реализирањето на наставата по запознавање на околината во зависност од тоа дали поседуваат компјутер во своите домови.**

За да се докаже втората посебна хипотеза се употребени две прашања, каде што првото прашање е под реден број еден од анкетниот лист и гласи: -Дали имате компјутер? При обработка на ова прашање се добиени следниве податоци:

Табела број 4

| Дали имате компјутер? | **Да** | | **Не** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 58 | 100 | 0 | 0 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 40 | 100 | 0 | 0 | 40 | 100 |

На првото тврдење, во **градска средина**, со ДА одговориле вкупно 58 наставници или 100% дека имаат компјутер, а 0 % одговориле негативно.

На второто тврдење, кое се однесува за **рурална средина**, од 40 анкетирани наставници исто така позитивно одговориле 100 %, а 0 % одговориле негативно.




Графикон број 4

Следното прашање од скалерот под реден број еден гласи: -Колку дома работите со компјутер? и за оваа прашање добиени се следниве податоци:

Табела број 5

| Колку дома работите со компјутер? | Никогаш | | Ретко | | Често | | Секогаш | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 0 | 0 | 2 | 3.4 | 37 | 63.8 | 19 | 32.8 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 0 | 0 | 2 | 5 | 23 | 57.5 | 15 | 37.5 | 40 | 100 |

При обработка на ова прашање, од добиентите податоци се гледа колку наставниците дома користат компјутер, според местоположбата, во градска и во рурална средина.

Резултатите добиени од **градска средина** се поделени на четири тврдења, од кои наставниците на првато тврдење кое класи дека дома никогаш не работат со компјутер,

одговориле 0 наставници или 0%. За второто тврдење, дека дома <u>ретко</u> работат со компјутер, одговориле 2 наставници или 3.4 %, а за третото тврдење одговориле најголем број од наставниците односно 37 наставници или 63.8 % и тоа дека <u>често</u> дома работат со компјутер. И на последното четврто тврдење одговориле 19 наставници или 32.8 % кое гласи дека дома <u>секогаш</u> работат со компјутер.

По ист редослед на тврдењата одговориле и наставниците од **рурална средина** со мали промени за разлика од наставниците од градска средина. На првото тврдење дека <u>никогаш</u> дома не работат со компјутер одговориле 0 наставици или 0%. Дека <u>ретко</u> дома работат со компјутери одговориле 2 наставици или 5 %, а <u>често</u> одговориле 23 наставници или 57.5 % како и во градската средина каде најголем број од наставниците одговориле на ова тврдење. И како последно тврдење, дека <u>секогаш</u> дома работат со компјутери, одговориле 15 наставници или 37.5 %.




Графикон број 5.

За надминување на малите фрекфенции направено е спојување на категориите "никогаш" и "ретко". При спроведување на $x^2$ тестот, за второто прашање од втората посебна хипотеза, реализираната вредност на $x^2$ изнесува 36.39, а критичната вредност е

5.991 во градска средина, а пак во рурлана средина реализираната вредност на $x^2$ тестот изнесува 16.89, а критичната вредност е 5.991. Според добиените податоци донесовме заклучок дека постои статистички значајна разлика и во двете средини т.е. постои разлика во однос на тоа колку наставниците дома работат со компјутер.

| | | |
|---|---|---|
| Градска средина | $x^2$=36.39 | $p<0.05$ |
| Рурална средина | $x^2$=16.89 | $p<0.05$ |

Според резултатите прикажани на табела број 4 и 5, и графикон 4 и 5 сите наставници имаат компјутер во своите домови и дека често тие дома работат со компјутер. Според ова не можеме да ја докажеме **второта посебна хипотеза**, која гласи дека постојат разлики во оспособеноста на наставниците за примена на интернет во реализирањето на наставата по запознавање на околината во зависносност од тоа дали поседуваат компјутер во своите домови, бидејќи сите наставници и во двете средини имаат компјутер во своите домови.

Третата посебна хипотеза :

**Постои разлика во оспособеноста на наставниците за примена на интеренет во реализирањето на наставата по запознавање на околината, во зависност од техничките услови на училиштето.**

За да ја докажеме оваа трета посебна хипотеза го искористивме седмото прашање од скалерот од анкетниот лист. Прашањето гласи: -Колку Вашето училиште овозможува користење на интернет? Добиени се следниве податоци:

Табела број 6

| Колку Вашето училиште овозможува користење на интернет? | **Никогаш** | | **Ретко** | | **Често** | | **Секогаш** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 1 | 1.7 | 8 | 13.8 | 26 | 44.8 | 23 | 39.7 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 1 | 2.5 | 1 | 2.5 | 22 | 55 | 16 | 40 | 40 | 100 |

Наставниците од **градска средина**, на првото тврдење дека нивното училиште никогаш не овозможило користење на интернет, одговорил само 1 наставник или 1.7 %. За второто тврдење одговориле 8 наставници или 13.8 %, т.е. дека ретко нивното училиште овозможува користење на интернет. За третото тврдење, дека често нивното училиште овозможува користење на интернет, одговориле 26 наставници или 44.8 %, и нешто помалку, на четвртото тврдење, дека секогаш нивното училиште овозможува користење на интернет, одговориле 23 наставници или 39.7%.

По ист редослет на тврдењата одговориле и наставниците од **рурална средина** со мали промени за разлика од наставниците од градска средина. На првото тврдење, дека никогаш нивното училиште не овозможило користење на интернет, одговорил 1 наставник или 2.5 %. Дека ретко нивното училиште овозможило користење на интернет одговорил 1 наставник или 2.5 %, а за често одговориле 22 наставици или 55 %, исто како и во градска средина каде најголем број од наставниците одговориле на ова тврдење. И како последно тврдење, дека секогаш нивното училиште овозможило користење на интернет, одговориле 16 наставници или 40 %.




Графикон број 6

Спроведениот $x^2$ тест, за прашањето од третата посебна хипотеза, реализираната вредност на $x^2$ изнесува 29.57, а критичната вредност е 7.815 во градска средина и реализираната вредност на $x^2$ тест изнесува 34.20, а критичната вредност е 7.815 во рурална средина. Според овие податоци донесовме заклучок дека постои статистички значајна разлика и во двете средини според тоа колку училиштето во кое работат им овозможува на наставниците користење на интернет.

| | | |
|---|---|---|
| Градска средина | $x^2$=29.57 | $p<0,05$ |
| Рурална средина | $x^2$=34.20 | $p<0,05$ |

Од добиените резултати прикажани на табела број 6 и графикон број 6, се *докажува* **<u>третата посебна хипотеза</u>** која вели дека техничките услови влијаат на училиштето без разлика дали е тоа се наоѓа во градска или во рурална средина.

**Четвртата** посебна хипотеза :

**Се претпоставува дека мотивацијата кај наставниците за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината е поголема кај оние кои живеат во градска средина и кои имаат подобар пристап до интернет и подобро познавање.**

За докажување на четвртата посебна хипотеза употребивме три прашања од анкетниот лист. Првото прашање кое е под реден број осум гласи вака: -Со која цел се одлучивте да работите со компјутер и да користите интернет за реализација на наставата по запознавање на околината? Според ова ги добивме следниве одговори:

Табела број 7

| Со која цел се одлучивте да работите со компјутер и да користите интернет за реализација на наставата по запознавање на околината? | **Градска средина** | | **Рурална средина** | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| а) Да се стекнам со елементарните познавања од областа на информатиката и интернетот | 4 | 6.9 | 5 | 12.5 |
| б) Да ги усовршам веќе постоечките знаења од областа на информатиката и интернетот | 4 | 6.9 | 2 | 5 |
| ц) За модернизација на наставата и примена на нови наставни методи | 38 | 65.5 | 24 | 60 |
| д) За да го направам часот по интересен | 9 | 15.5 | 6 | 15 |
| е) За поефикасно водење на училишната администрација | 2 | 3.5 | 3 | 7.5 |
| ф) Останато | 1 | 1.7 | 0 | 0 |
| **Вкупно :** | **58** | **100** | **40** | **100** |

Како што може да се забележи од табелата број 7, на првите две тврдења од осмото прашање, наставниците од **градска средина** одговориле во ист број, по 4 наставници или 6.9%, што покажува дека тие се одлучиле да работат со компјутери и да користат интернет за да се стекнат со елементарни познавања од областа на информатиката и интернетот и да ги усовршат веќе постоечките знаења од истите области.

По ист редослед одговориле и наставниците од **рурална средина**. На првото тврдење одговориле 5 наставници или 12.5%, а на второто твдење одговориле 2 наставници или 5%.

Најголем број од испитаните наставници, и од **градска** и од **рурална средина**, одговориле на третото тврдење кое гласи дека наставниците се одлучиле да работат со компјутери и да користат интернет со цел за модернизација на наставата и примена на нови наставни методи. Од **градска средина** на ова тврдење одговориле 38 наставници или 65.5%, а од **рурална** 34 наставници или 60%.

Според четвртото тврдење кое е второ по ред по бројот на наставници кои го дале одговорот за ова прашање, наставниците сметале дека часот го прават по интересен и тоа 9 наставници или 15.5 % од **градска** и 6 наставници или 15% од **рурална средина.**

За петото тврдење, кое вели дека наставниците одлучиле да работат со компјутер и да користат интернет со цел за поефикасно водење на училишната администрација, одговориле 2 наставици или 3.5% од **градска средина**, и 3 наставници или 7.5% од **рурална средина.**

На последното тврдење кое се однесува за сè останато кое влијае и за кое имаат цел да работат со компјутер и да користат интернет, одговорил 1 наставник од **градска средина** или 1.7%, и ниту еден наставник во **рурална средина** или 0%.







Графикон број 7

Второто прашање кое го искористив за докажување на четвртата посебна хипотеза кое е под реден број девет во анкетниот лист гласи вака: -Дали користењето на компјутер и интернет за реализација на наставата по запознавање на околината го подигнува нивото на мотивација и постигнувањето на ученикот? Според ова ги добивме следниве податоци:

Табела број 8

| Дали користењето на компјутер и интернет за реализација на наставата по запознавање на околината го подигнува нивото на мотивација и постигнувањето на ученикот? | **Да** | | **Не** | | **Не сум сигурен** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 49 | 84.5 | 1 | 1.72 | 8 | 13.8 | 58 | 100 |
| Рурална средина | 34 | 85 | 0 | 0 | 6 | 15 | 40 | 100 |

Како што може да се забележи од табела број 8, и во **градска** и во **рурална средина**, најголем број од наставниците одговориле на првото тврдење и тоа повеќе од 80%, односно во градска средина одговориле 49 наставници или 84.5%, а во рурална средина 34 наставници или 85%. Како што покажува и самиот потврден одговор, користењето на компјутери и интернет за реализација на наставата по запознавање на околината го подигнува нивото на мотивација и постигнувањето на ученикот.

Негативно одговориле 1 наставник или 1.72% од **градска средина** и ниту еден наставник или 0 % од **рурална средина**.

За третото тврдење или дека не се сигурни наставниците дали користењето на компјутер и интернет за реализација на наставата по запознавање на околината го подигнува нивото на мотивација и постигнувањето на ученикот, одговориле 8 наставници или 13.8 % од **градска средина** и 6 наставници или 15% од **рурална средина.**




Графикон број 8

И како последно трето прашање за докажување на четвртата посебна хипотеза го употребивме десетото прашање од скалерот кое гласи: -Колку често го користите интернетот за реализација на наставата по запознавање на околината? Ги добивме следниве податоци:

Табела број 9

| Колку често користите информации и услуги од интернет за реализација на настават по запознавање на околината ? | Никогаш | | Ретко | | Често | | Секогаш | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Градска средина | 0 | 0 | 6 | 10.3 | 41 | 70.7 | 11 | 19 | **58** | 10 |
| Рурална средина | 0 | 0 | 8 | 20 | 28 | 70 | 4 | 10 | **40** | 10 |

Најголем процент од наставниците, како што може да се забележи од табела број 9, одговориле на третото тврдење кое вели дека наставниците <u>често</u> користат интернет за реализација на наставата по запознавање на околината и тоа во **градска средина** 45 наставници или 77.6% и во **рурална** 31 наставник или 77.5%.

Најмал процент од наставниците одговориле на првото тврдење, односно дека никогаш не користат интернет за реаллизација на наставата по запознавање на околината, и тоа во **градска средина** одговорил 1 наставник или 1.8%, а во **рурална средина** ниту еден наставник или 0%.

На второто тврдење, дека ретко користат интернет одговориле 6 наставници или 10.3% од **градска средина** и 7 наставници или 17.5% од **рурална средина.**

И на последното четврто тврдење, дека секогаш наставниците користат интернет за реализација на наставата по запознавање на околината, одговориле 6 наставници или 10.3% во **градска** и 2 наставници или 5% во **рурална средина**.




Графикон број 9

Добиените резултати од табела број 7, 8 и 9, и графикон број 7, 8 и 9 *делумно ја докажуваат* **четвртата посебна хипотеза**, бидејќи мотивацијата кај наставниците за примена на интернетот кои живеат во градска средина е приближно иста со мотивацијата на наставниците кои живеат во рурална средина.

Петтата посебна хипотеза:

**Постои разлика во оспособеноста за примена на интеренет во реализирање на наставата по запознавање на околината помеѓу наставниците кои посетувале курсеви за компјутери и оние кои не го правеле тоа.**

За обработка на петтата посебна хипотеза употребивме две прашања од анкетниот лист. Првото прашање под реден број шест гласи: -На кој начин сте се оспособиле да користите интернет? Од вака поставеното прашање ги добивме следниве одговори:

Табела број 10

| На кој начин сте се оспособиле да користите интернет? | Градска средина | | Рурална средина | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| а) самостојно | 26 | 44.8 | 17 | 42.5 |
| б) обука | 21 | 36.2 | 13 | 32.5 |
| ц) со помош на пријателите/семејството | 8 | 13.8 | 4 | 10 |
| д) со помош на колегите во училиштето | 1 | 1.7 | 6 | 15 |
| е) останато | 2 | 3.5 | 0 | 0 |
| ф) никогаш не сум користел/а интернет | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **58** | **100** | **40** | **100** |

Како што може да се види од табела број 10, за првите две тврдења од шестото прашање, наставниците од градска и од рурална средина одговориле приближно исто. На првото тврдење од **градска средина** одговориле вкупно 26 наставници или 44.8% кои се изјасниле дека самостојно се оспособиле е да користат интернет, и 17 наставници или 42.5% од **рурална средина**.

На следното тврдење одговориле 21 наставник од **градска средина** или 36.2%, а од **рурална средина** одговориле 13 или 32.5% кои се оспособиле за примена на инетернет преку обуки.

Наставниците кои се оспособиле во користењето на интернет со помош на пријателите или некој од семејството се: во **градска средина** 8 наставници, а во **рурална средина** 4 наставници или изречено процентуално 13.8% во градска и 10% во рурална средина.

Со помош на колегите во училиштето наставниците се оспособиле да користат интернет и тоа од **градска средина** 1 наставник или 1.7%, и од **рурална средина** 6 наставници или 15%.

На петото тврдење, наставниците од **градска средина** одговориле позитиво 2 наставници или 3.5%, а од **рурална средина** ниту еден наставник не одговорил или 0%.

И на последното шесто тврдење кое гласи дека наставниците никогаш не користеле интернет, наставниците негативно одговориле и од **градска и од рурална**, односно 0 настввници или 0%.






Графикон број 10

Второто прашање кое го искористивме за докажување на петтата посебна хипотеза под реден број седум гласи: -Колку обуките по компјутери што сте ги посетиле Ви помогнале во сегашната работа, и се добиени следниве податоци:

Табела број 11

| Колку обуките по компјутери што сте ги посетиле Ви помогнале во сегашната работа? | Градска средина | | Рурална средина | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| а) не многу, не ги следев обуките многу често | 3 | 5.2 | 5 | 12.5 |
| б) доволно за да ги задоволам претходните знаења | 40 | 69 | 24 | 60 |
| ц) многу ми помогна, не знаев претходно да работам со компјутер | 12 | 20.6 | 11 | 27.5 |
| д) знаев да работам преходно, но не знаев да користам интернет | 3 | 5.2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **58** | **100** | **40** | **100** |

Од добиените резултати кои можат да се забележат од табела број 11 и во градска и рурална средина одговорите на настваниците се приближно исти. На првото тврдење одговориле вкупно 3 наставници од **градска средина** или 5.2%, а од **рурална средина** 5 наставници или 12.5% кои обуките по компјутери не ги следеле многу често.

На второто тврдење кое гласи дека наставниците доволно ги следеле обуките за компјутери со цел да ги надградат претходните знаења, од **градска средина** одговориле голем број наставници односно 40 наставници или 69.0%, но исто така и од **рурална средина** одговориле голем број од наставниците односно вкупно 24 наставници или 60%.

На следното трето тврдење кое се однесува дека обуките по компјутери биле корисни затоа што претходно не знаеле да работат со компјутер, од **градска средина** одговориле вкупно 12 наставници или 20.6%, а од **рурална средина** 11 наставници или 27.5%.

И на последното четврто тврдење кое се однесува за тоа дали наставниците имаат некое предходно искуство да работат со компјутер, но не знаеле да користат интернет, ги добивме следниве податоци. Од **градска средина** одговориле 3 наставници или 5.2%, додека пак од **рурална средина** не одговорил ниту еден наставник, односно 0%.






Графикон број 11

При спроведување на $x^2$ тестот, за второто прашање од петтата посебна хипотеза, реализираната вредност на $x^2$ изнесува 63.44, а критичната вредност е 7.815 во градска средина, а пак реализираната вредност на $x^2$ тест во рурална средина изнесува 32.20, а критичната вредност е 7.815. Според овие податоци донесовме заклучок дека постои статистички значајна разлика.

| | | |
|---|---|---|
| Градска средина | $x^2$=63.44 | $p<0.05$ |
| Рурална средина | $x^2$=32.20 | $p<0.05$ |

Од добиените резултати кои се прикажани на табела број 10 и 11, и графикон број 10 и 11 се докажува **петтата посебна хипотеза**, која гласи дека **постои разлика помеѓу наставниците кои посетувале курсеви за компјутери и оние кои тоа не го правеле**.

**<u>Шестата</u>** посебна хипотеза :

За проверување на шестата посебна хипотеза го употребивме десетото прашање од анкетниот лист кое гласи: -Дали содржините на наставните програми по запознавање на околината дозволуваат користење на интрнет за реализација на наставата ги добивме се следниве резултати:

Табела број 12

| ...али содржините на наставните програми ...о запознавање на околината дозволуваат ...ористење на интернет за реализација на наставата? | Доволно дозволуваат | | Многу малку дозволуваат | | Не дозволуваат | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ...адска средина | 52 | 89.7 | 6 | 10.3 | 0 | 0 | 58 | 100 |
| ...рална средина | 34 | 85 | 6 | 15 | 0 | 0 | 40 | 100 |

Како што може да видиме од табела број 12, наставниците и од градска и од рурална средина процентуално одговориле приближно исто. Најголем процент од наставниците одговориле на првото тврдење на кое велат дека содржините на наставните програми по запознавање на околината доволно дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата во **градска средина** вкупно 52 наставици или 89.7%, додека пак во **рурална средина** одговиле 34 наставници или 85%.

Помал процент од наставниците одговориле на второто тврдење кое се однесува на содржините на наставните програми по запознавање на околината и колку тие дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата. Во **градска средина** одговориле 6 наставници или 10.3%, но и **во рурална средина** исто така одговориле 6 наставници или 15%.

И на последното трето тврдење, кое гласи дека содржините на наставните програми по запознавање на околината не дозволуваат користење на интернет за реализација на

наставата, ниту еден од наставниците од **градска** и од **рурална средина** не се изјаснил односно процентуално 0%.




Графикон број 12

Врз основа на добиените резултати од табела број 12, и графикон број 12, изразени со фрекфенција и процент, може да се заклучи дека **<u>шестата посебна хипотеза</u>** *се прифаќа* и гласи **наставните програми по запознавање на околината во првиот образовен циклус дозволуваат примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.**

**<u>Седмата</u>** посебна хипотеза :

За проверување на седмата посебна хипотеза го употребивме единаесетото прашање од анкетниот лист кое гласи: - Дали содржините во учебниците по запознавање на околината се погодни за примена на интернет за реализација на наставата, и ги добивме следниве резултати:

Табела број 13

| Дали содржините во учебниците по апознавање на околината дозволуваат ористење на интернет за реализација на наставата? | Доволно дозволуваат | | Многу малку дозволуваат | | Не дозволуваат | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| радска средина | 47 | 81 | 9 | 15.5 | 2 | 3.5 | 58 | 100 |
| урална средина | 27 | 67.5 | 13 | 32.5 | 0 | 0 | 40 | 100 |

Најголем процент од наставниците одговориле на првото твдење каде велат дека содржините на учебниците по запознавање на околината дозволуваат доволно користење на интернет при реализација на наставата, во **градска средина** одговориле 47 наставници или 81.0%, а во **рурална средина** 27 наставници или 67.5%.

Помал процент од наставниците одговориле на второто тврдење дека многу малку содржините на учебниците по запознавање на околината дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата, во **градска средина** одговориле 9 наставници или 15.5%, а во **рурална** 13 наставници или 32.5%.

И на последното трето тврдење кое гласи дека содржините на учебниците по запознавање на околината не дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата, во **градска средина** одговориле 2 наставници или 3.5%, а од **рурална средина** ниту еден наставник или 0%.




Графикон број 13

Од добиените резултати прикажани од табела број 13 и графикон број 13, изразени со фрекфенција и процент, *се докажува* и **седмата посебна хипотеза**, која гласи дека **содржините во учебниците по запознавање на околината во првиот образовен циклус се погодни за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.**

## *2. ГЛАВНА ХИПОТЕЗА*

**Наставниците не се во доволна мера оспособени за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.**

За обработка на главната хипотеза се употребени четири прашања од анкетниот лист. Првото прашање е искористено за докажување на главната хипотеза под реден број два и гласи: - Колку години користите компјутер? и ги добивме следниве резултати:

Табела број 14

| Колку години користите компјутер? | Градска средина | | Рурална средина | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| а) помалку од една година | 0 | 0 | 0 | 0 |
| б) од 1 до 5 година | 11 | 19 | 16 | 40 |
| ц) од 5 до 10 години | 29 | 50 | 15 | 37.5 |
| д) повеќе од 10 години | 18 | 31 | 9 | 22.5 |
| е) не користам компјутер | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **58** | **100** | **40** | **100** |

Како што може да видиме од табела број 14 од вкупниот број на наставници од **градска и од рурална средина**, на прашањето колку години користат компјутер, ниту еден од нив не одговорил дека користат помалку од една година. И на последното петто

тврдење, забележавме дека процентот на наставници е ист, односно ниту еден наставник од **градска и рурална средина** не одговорил дека не користи компјутер односно процентот е исто така 0%.

На второто тврдење, дека наставниците од 1 до 5 години користат компјутери, во градска средина одговориле 11 наставници или 19.0%, а во рурална средина 16 наставници или 40% .

Најголем процент од наставниците одговориле на третото тврдење, дека користат компјутер од 5 до 10 години, и тоа во **градска средина** одговориле 29 наставници или 50%, а нешто помалку во **рурална средина** односно 15 наставници или 37.5%.

И на четвртото тврдење кое се однесува на прашањето дали повеќе од 10 години користат компјутер, од **градска средина** одговориле 18 наставници или 31.0%, додека пак од **рурална средина** 9 наставници или 22.5%.






Графикон број 14

Второто прашање исто така го искористивме за докажување на главната хипотеза под реден број три кое гласи: -Какво е Вашето искуство во работата со компјутери? ги добивме следниве резултати:

Табела број 15

| Какво е Вашето искусво во работа со компјутери? | Градска средина | | Рурална средина | |
|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| а) мало | 1 | 1.7 | 4 | 10 |
| б) доволно добро | 38 | 65.5 | 22 | 55 |
| ц) одлично | 19 | 32.8 | 14 | 35 |
| д) немам никавко искуство | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **58** | **100** | **40** | **100** |

Од добиените резултати од табела број 15 видливо е дека наставниците и од градска и од рурална средина процентуално приближно исто одговориле.

На првото тврдење кое се оденсува на тоа дека искуството на наставниците во работа со компјутери е мало, од **градска средина** одговорил 1 наставник или 1.7%, а од **рурална средина** одговориле вкупно 4 наставници или 10%.

Најголем процент од наствниците одговориле на второто тврдење кое се однесува на тоа дека нивното искуство во работа со компјутери е доволно добро, од **градска средина** одговориле вкупно 38 наставници или 65.5%, а од **рурална средина** одговориле 22 наставника или 55%.

Нешто помалку наставници одговориле на третото тврдење, дека нивното искуство во работата со компјутери е одлично и тоа: од **градска средина** одговориле 19 наставници или 32.8% , а од **рурална средина** одговориле 14 наставници или 35%.

И на последното четврто тврдење негативен одговор дале наставниците и од **градска** и од **рурална средина**, односно ниту еден наставник не одговорил дека нема никакво искуство во работа со компјутери, односно процентуално 0%.




Графикон број 15

Третото прашање исто така се искористи за докажување на главната хипотеза под реден број четири и гласи: -Дали Вашиот компјутер има интернет приклучок? Според тоа ги добивме следниве резултати:

Табела број 16

| Дали Вашиот компјутер има интернет приклучок? | Да | | Не | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Градска средина | 58 | 100 | 0 | 0 | **58** | **100** |
| Рурална средина | 40 | 100 | 0 | 0 | **40** | **100** |

На првото тврдење, од вкупно 58 наставници од **градска средина**, со ДА одговориле 58 наставници или 100% и тоа дека имаат компјутер со интернет приклучок, додека 0% одговориле негативно.

Второто тврдење кое се однесува на наставниците **од рурална средина**, од вкупно 40 анкетирани наставници, позитивно одговориле 100%, додека 0% одговориле негативно.




Графикон број 16

И како последно четврто прашање за докажување на главната хипотеза го употребивме прашањето од скалерот кое гласи: - Колку често користите информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината, ги добивме следниве податоци:

Табела број 17

| ...олку често користите информации и ...слуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината? | Никогаш | | Ретко | | Често | | Секогаш | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ...адска средина | 0 | 0 | 6 | 10.3 | 41 | 70.7 | 11 | 19 | **58** | **100** |
| ...рална средина | 0 | 0 | 8 | 20 | 28 | 70 | 4 | 10 | **40** | **100** |

Најголем процент од наставниците, како што може да се забележи од табелата број 17, одговориле на третото тврдење кое вели дека наставниците често користат информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината и тоа: во **градска средина** одговориле 41 наставник или 70.7%, а во **рурална средина** 28 наставници или 70%.

На првото тврдење, дека никогаш не користат информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината, и во **градска средина** и во **рурална средина** не одговорил ниту еден наставник односно процентуално 0%.

На второто тврдење дека ретко користат интернет одговориле 6 наставници или 10.3% од **градска средина** и 8 наставници или 20% од **рурална средина**.

И на последното четврто тврдење дека секогаш наставниците користат информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината, одговориле 11 наставници или 19% во **градска** и 4 наставници или 10% во **рурална средина.**




Графикон број 17

Врз основа на овие резултати од табела број 14, 15, 16 и 17 и графикон 14, 15, 16 и 17 , изразени со фрекфенција и процент, **<u>главната хипотеза</u>** *делумно не се докажува,* односно наставниците се во доволна мера оспособени за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

При изработка на овој магистерски труд, користејќи соодветна домашна и странска литература, дојдовме до значајни теориски сознанија за интернетот и неговата примена за подготовката и реализација на наставата по запознавање на околината.

Истражувањето кое се одвиваше во општина Гази Баба-Скопје, го спроведовме на ниво на две средини, градска и рурална. Целта на испитувањето беше да се компарира дали и колку често наставниците го користат интернетот како еден современ метод за добивање на информации, во реализација на наставата по запознавање на околината.

Вкупно добиените резултатати од анкетниот лист и скаларот одат во прилог на сите хипотези на истражувањето.

- Главната хипотеза, која вели дека наставниците не се во доволна мера оспособени за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината, ја испитувавме преку неколку прашања од анкетниот лист и скалерот. Според добиените резултати од поставените прашања, заклучивме дека наставниците во двете средини имаат компјутер со интернет приклучок, дека нивното искуство во работа со компјутери се движи од 1-10 години и истото наставниците сметаат дека е доволно добро. Исто така, наставниците покажаа дека често користат информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината. Според ова, главната хипотеза не се докажа, односно наставниците се во доволна мера оспособени за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.

Освен оваа главна хипотеза, за ова истражување ни помогнаа и следниве посебени хипотези од кои ги добивме овие заклучоци:

- Не постои голема разлика во оспособувањето на наставниците за примена на интернетот во реализирање на наставата по запознавање на околината според местото каде што се наоѓа училиштето, градска или рурална средина, и со ова делумно се докажува првата посебна хипотеза.

- Втората посебна хипотеза, која гласи дека постојат разлики во оспособеноста на наставниците за примена на интернет во реализирањето на наставата по запознавање на околината во зависносност од тоа дали поседуваат компјутер во своите домови, не можеме да ја докажеме бидејќи сите наставници и во двете средини имаат компјутер во своите домови и истиот често го користат. Бидејќи немавме ниту еден испитаник кој нема компјутер во својот дом не можевме да направиме разлика во однос на тоа дали поседувањето на компјутер во својот дом влијае врз оспособеноста на наставникот.

- Утврдивме дека техничките услови на училиштето влијаат на оспособеноста на наставниците за примена на интеренет во реализирањето на наставата по запознавање на околината, без разлика дали тоа се наоѓа во градска или во рурална средина, со што се докажува третата посебна хипотеза.

- Претпоставката дека мотивацијата кај наставниците за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината е поголема кај оние кои живеат во градска средина и кои имаат подобар пристап до интернет и подобро познавање, сметаме дека делумно се докажува бидејќи мотивацијата кај наставниците за примена на интернетот кои живеат во градска средина е приближно иста со мотивацијата на наставниците кои живеат во рурална средина. Сето ова се однесува за испитувањето за четвртата посебна хипотеза.

- Постои разлика во оспособеноста за примена на интернет во реализирање на наставата по запознавање на околината помеѓу наставниците кои посетувале курсеви за компјутери и оние кои не го правеле тоа и со тоа се докажува петтата посебна хипотеза. Сето ова го докажавме според информациите кои ги добивме од испитаниците кои велат дека после самосталното оспособување да користат интернет, процентуално втори се по ред оние наставници кои се оспособиле за користење на интернет преку обука. Исто така испитаниците ни покажаа дека обуките по компјутери што ги посетувале доволно им помогнале во сегашната работа за реализација на наставата по запознавање на околината.

- Од досегашното испитување заклучивме дека шестата посебна хипотеза се прифаќа бидејќи наставните програми по запознавање на околината во првиот образовен циклус дозволуваат примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината.

- И последната седма посебна хипотеза, која гласи дека содржините во учебниците по запознавање на околината во првиот образовен циклус се погодни за примена на интернет во реализација на наставата по запознавање на околината, се докажува според прашањето кое го искориствме за ова истражување.

Користењето на интернетот во реализација на наставата по запознавање на околината придонесува кон развој и модернизација на наставниот процес и работата на наставникот и сето тоа влијае врз заинтересираноста и совладувањето на наставните единици од страна на ученикот. Изненадувачки е фактот дека подеднаква е оспособеноста за користење на интернет и во градска и во рурална средина, а исто така и достапноста на интернетот и компјутерска технологија е приближно еднаква и во двете средини.

Од презентирана теорија и методологија, за подобрување на примената на интернетот во реализација на наставата по запознавање на околината во првиот образовен циклус на основното образование, се предлагаат следниве образовни препораки:

- да се извршат неопходните измени во наставните планови и програми по запознавање на околината за внесување на ИКТ;
- да се подобрат техничките услови во училиштата за подобра примена на интернетот и компјутерите во реализација на наставата по запознавање на околината;
- да се изготват упатства и правилници за наставниците за правилна и ефективната употреба на компјутерите за наставните цели по запознавање на околината;
- обезбедување на дополнителна компјутерска опрема која не се однесува само на компјутерот и интернетот во училиштата, согласно на нивните потреби со поголема можност за иновативна употреба на ИКТ (видео камери, ЛЦД, програмирачки роботи, калкулатори, фотоапарати, ГПС уреди, смарт телефони, и сл.);
- воспоставување на онлајн системи на поддршка и поврзување во и помеѓу училиштата и наставниците и размена на нивните искуства;
- иницирање и поттикнување на креирање на дигитални содржини и веб сајтови за споделување на наставни материјали по запознавање на околината како и можност за соработка и комуницирање на повисоко ниво;
- трансфер на искуства во заедницата и поефектна дивергенција на знаењата и искуствата кај наставниците по запознавање на околината;
- креирање на функционални веб портали на училиштата преку кои ќе се овозможи комуникација на самата училишна заедница и комуникација со пошироката средина, транспарентност, информирање, постигнувања и планови на училиштето и можностите за соработка.

**ПРИЛОЗИ**

АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ КОИ КОРИСТАТ ИНТЕРНЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

Име и презиме ____________________________

Основно училиште ____________________________

Дата ____________________________

**1. Дали имате компјутер?**

а) да

б) не

**2. Колку години користите компјутер?**

а) помалку од една година

б) од 1 до 5 години

ц) од 5 до 10 години

д) повеќе од 10 години

е) не користам компјутер

**3. Какво е Вашето искуство во работата со компјутери?**

а) мало

б) доволно добро

ц) одлично

д) немам никакво искуство

**4 . Дали Вашиот компјутер има интернет приклучок?**

а) да

б) не

**5. Дали имате пристап на интернет во Вашата училница/кабинет?**

а) да

б) не

**6. На кој начин сте се оспособувале да користите интернет?**

а) самостојно

б) на курс

ц) со помош на пријателите/семјството

д) со помош на колегите во училиштето

е) останато

ф) никогаш не сум користел/а интернет

**7. Колку обуките по компјутери што сте ги посетиле Ви помогнале во сегашната работа?**

а) не многу, не ги следев обуките многу често

б) доволно за да ги надоградам претходните знаења

ц) многу ми помогна, не знаев претходно да работам со компјутер

д) знаев да работам претходно, но не знаев да користам интернет

**8.Со која цел се одлучивте да работите со компјутер и да користите интернет за реализација на наставата по запознавање на околината?**

а) да се стекнам со елементарните познавања од областа на информатиката и интернетот

б) да ги усовршам веќе постоечките знаења од областа на информатиката и интернетот

ц) за модернизација на наставата и примена на нови наставни методи

д) за да го направам часот поинтересен

е) за поефикасно водење на училишната администрација

ф) останато

**9.Дали користењето на компјутер и интернет за реализација на наставата по запознавање на околината го подигнува нивото на мотивација и постигнувањето на ученикот?**

а) да

б) не

ц) не сум сигурен

**10.Дали содржините на наставните програми по запознавање на околината дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата?**

а) доволно дозволуваат

б) многу малку дозволуваат

ц) не дозволуваат

**11.Дали содржините по учебниците по запознавање на околината дозволуваат користење на интернет за реализација на наставата?**

а) доволно дозволуваат

б) многу малку дозволуваат

ц) не дозволуваат

| ПРАШАЊА | Никогаш | Ретко | Често | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1. Колку дома работите со компјутер? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Колку често ја користите програмата Word во наставата? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Колку често ја користите програмата Excel во наставата? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. Колку често ја користите програмата Power Point во наставата? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Во училиштето во кое работите, колку често користите компјутер? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. Колку често користите интернет? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. Колку Вашето училиште овозможува користење на интернет? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Колку често користите информации и услуги од интернет за реализација на наставата по запознавање на околината? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. Колку често користите мултимедијален софтвер во наставата? | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Колку често го користите интернетот за реализација на наставата по запознавање на наставата? | 1 | 2 | 3 | 4 |

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамчевска, С. (1996), *Активна настава (Методички основи)*, Скопје: Легис.
2. Адамчевска, С. (2004), *Педагошка експертиза: за наставните програми и учебниците за граѓанското образование во основните и средните училишта во Република Македонија,* Скопје: Филозовски факултет.
3. Андреева Б. (2008), Компјутер за секое дете и ваучер и за студенти*, Четврта интернационална конференција Е-општество.мк: ИКТ во образование,* Скопје: Метаморфозис.
4. Ангелоска-Галевска, Н.(1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро.
5. Ангелоска-Галевска, Н. (2008), *Планирање на научно истражување, Интерен материјал,* Скопје: Филозовски факултет.
6. Bezič, K. (1973), *Metodika nastave prirode i društva,* Zagreb: Školska knjiga.
7. Вреднување на учебници за основно воспитание и образование, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
8. Гогоска, Л. (1995), *Дидактика*, Скопје: Ѕвезда.
9. Грубић, М. (1963), *Методика природних наука у основној школи*, Загреб: Педагошки књижевни збор.
10. Дамјановски, А. (1990), *Местото и карактерот на учебникот во современите услови,* Скопје: Просветно дело.
11. Дамјановски, А. (1989), *Ученикот во наставата,* Скопје: Просветно дело.
12. De Zan, I. (2000), *Metodika nastave prirode i društva*, Zagreb: Školska knjiga.
13. Dorofejev, V. (1964), *Poznavanje društva-priračnik za nastavnike*, Zagreb: Školska knjiga.
14. Živkovič, G. (1968*), Korelacija u nastavi poznavanja društva*, Pedagoška stvarnost 1.
15. Zujev-Dimitrijevič, D. (1988), *Školski udžbenik*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
16. Јовић, Ј. (1969), *Методика познавање природе и друштва*, Белград.

17. Лазаревиќ, Ж., Банќур, В., Станимировиќ, Б. (1997), *Методика наставе природе и друштва*, Јагодина-Белград-Врање: Учитељски факултети у Јагодини, Београду и Врању.

18. Лешковски, И. (2002), *Педагошки речник*, Скопје: Вековишнина.

19. Кнежевић, Љ. (1995), *Теоријске основе методике наставе природе и друштва*, Белград: Учитељски факултет.

20. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007) Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.

21. *Концепција за изработка на учебник со методолигија за вреднување на учебник,* (2010) Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.

22. *Концепција за учебник за основно и за средно образование*, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.

23. Копровски, Љ., Петровски, Б. (1998), *Педагогија,* Скопје: Филозофски факултет-Институт за педагогија.

24. Malič, J. (1986), *Koncepcija suvremenog udžbenika*, Zagreb: Školska knjiga.

25. Маказлиева, Е. (1995), *Дидактички компоненти на учебникот*, Скопје: Просветно дело.

26. Маказлиева, Е. (2013), *Мојата околина: учебник по запознавање на околината за прво одделение за деветгодшно основно образование,* Скопје: Просветно дело.

27. Маказлиева, Е. и др. (2013), *Мојата околина: учебник по запознавање на околината за второ одделение за деветгодшно основно образование,* Скопје: Просветно дело.

28. Маказлиева, Е.и др. (2013), *Запознавање на околината: учебник за трето одделение за деветгодшно основно образование,* Скопје: Просветно дело.

29. *Методологија за вреднување на учебниците за основно и за средно образование,* (2009), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
30. Милијевић, С. (1994), *Иновирање наставе природа и друштва*, Бања Лука: Глас српски.
31. Mužič, V. (1999), *Uvod u metodogiju istraživanja odgoja i obrazovanja,* Zagreb: Educa.
32. *Наставен план за деветгодишно основно училиште,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.
33. *Наставна програма по запознавање на околината за I одделение во деветгодишното основно образование,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.
34. *Наставна програма по запознавање на околината за II одделение во деветгодишното основно образование,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.
35. *Наставна програма по запознавање на околината за III одделение во деветгодишното основно образование,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието.
36. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
37. *Нацрт програма за развој на ИКТ во образованието 2005-2015,* (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
38. Небригић, Д. (1969), *Методика наставе познавање друштва*, Белград: Завод за издавање уџбеника СР Србија.
39. Николић, Р. (1994), *Педагошка вредност школе у природи*, Београд: Институт за педагогију и андрагогију, Филозофски факултет.
40. Николоски, Т. (2001), *Статистика психологијата,* Скопје: Филозофски факултет.

41. Ристески, С. (2003), *Статистика за бизнис и економија,* Скопје: Економски факултет.
42. Rosandič, D. (2004), "Vrste udžbenika i metodički sostavi", *Zbornik radova: Udžbenik i virtualno okruženje,* Zagreb: Školska knjiga.
43. *Педагошки лексикон,* (1996), Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
44. *Педагошки речник 2*, (1967), Београд: Завод за издавање уџбеника.
45. Петровски, Б. (1994), *Структурата на учебникот*, Скопје: Просветно дело.
46. Плетенац, В. (1991), *Основе методике наставе природе и друштва*, Загреб: Школъска кньига.
47. Продановић, Т. (1966), *Методика наставе познавања природе,* Белград.
48. *Prokič,B.(1989), Udžbenici i nastavna sredstva u teoriji i praksi,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
49. Секуловски, К.(1974), *Методика на наставата по запознавање на природата и опшеството*, Просветно дело, Скопје.
50. Скаткин, М. Н. (1963), *Методика природних наука у основној школи*, Белград: Завод за издавање уџбеника СР Србија.
51. Soljan, N. N. (1972), *Nastava i učenje uz pomoč kompjutera*, Zagreb: Pedagoško-književni zbor.
52. Stefanovič, M. (1965), *Nastava poznavanje prirode i društva u osnovnoj školi,* Beograd: Vuk Karadžič.
53. Stefanovič, M. (2001), *Udžbenik u kvlaitetnoj nastavai,* Tešanj: Centar za kulturu i obrazovanje.
54. УСАИД (2006), *Истражување за употреба на компјутери и интернет во Македонија*, Скопје.
55. Чалић, Д. (1965), *Наставе познавање природе и друштва*. Завод за издавање уџбеника СР Србија.
56. www.bro.com.mk
57. www.mon.gov.mk